СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 ноември 1992 година

Скопје, ноември 1992 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 51-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 5.XI.1992 година**


1. АНДОВ СТОЈАН - 1, 35
2. АЛИУ ХАМИД - 31
3. АРСОВ ДРАГИ - 66
4. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 71
5. АТАНАСОВСКИ М1СТКО - 99, 101
6. АНДОНОВ ТИМЕ - 104
7. АБДИ ФАИК - 124
8.ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 121
9. ЃОРЃИЕВ ПЕТАР - 5
10. ЕМИНИ ЗУДИ - 81
11. ИВАНОВ ИВАН - 73
12. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 51
13. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 22
14. ЈОВАНОВ РИСТО - 1
15. ЈУМЕРОВСКА ЃУЛИСТАНА - 116
16. КЕЛЕШОВ РИСТО - 106
17. МДАДЕНОВ ВАНЧО - 58
18. МАНЕВ ЕФТИМ - 107
19. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 110
20. МИТЕВСКИ ВЛАДИМИР - 119
21. НИКОЛОВ ЈОВАН - 49
22. НАСЕВ ПАНЧЕ - 20
23. ПРЕВАЛА ШАБАН - 2
24. ПАУНОВ ТОДОСИЈА - 83
25. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 91
26. СТАНКОВСКИ РИСТО - 43
27. САДИКУ ФЕРИД - 50
28. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 55
29. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТАР - 115
30. ТРПЕНОЕСКИ ДИМИТАР - 120


продолжува

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Првото продолжение на Педесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 ноември 1992 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала I со почеток во 10,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да почнеме со работа.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Има збор господин Ристо Јованов.-

**РИСТО ЈОВАНОВ:**

По оваа точка јас очекувам дека ќе имаме доста дискутанти, па дали можеме да го определиме времето за дискусија, да не бидеме овде на седница цел ден или два дена. Значи дискусијата можеме да се согласиме, односно да се определиме со гласање да ја ограничиме на 10 или 15 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас господа, сум против по оваа точка да го определуваме времето за дискусија. Јас сум можеби да се определи времето за дискусија по оваа точка, можеби кога ќе биде Предлог-закон. Сега е

Нацрт на закон и сега треба да имаме доста расправа, да ги согледаме сите аспекти.

Еве предлогот на Јованов го давам на гласање

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (б)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Ние сега сме во фаза на претрес по Нацртот на закон за трансформација на општествениот капитал.

Молам, кој бара збор?

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, почитувани господо. Мислам дека сега после опширното излагање на министерот Миљовски за овој значаен закон, можеме недвосмислено да констатираме дека ние мораме да го донесеме овој закон. Мораме од причина што ние се определивме за пазарно стопанство, за реформа на нашиот економски и политички систем.

Додека политичкиот систем веќе го реформираме преку донесувањето на законите од системски карактер, сега донесувањето на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал ќе значи поставување на темелот за трансформација на економскиот систем. Мислам дека за тоа сме убедени. Ако сме убедени во тоа јас мислам дека ние мораме да го поддржиме донесувањето на овој закон.

Всушност и досегашната дискусија по преднацртот на законот како и расправата по Нацртот на законот на комисиите на Собранието, докажа дека потребата од донесување на овој закон е неопходно.

Во фазата на расправата по преднацртот бевме вклучени ние како пратеници, беа вклучени разните асоцијации меѓу кои и Комора- та на Република Македонија, потоа Синдикатот, разните здруженија, сојузите, како и беа организирани разни трибини на кои дојде до полн израз и научната и практичната мисла за овој фундаментален закон, според моето мислење.

Концептот што ни се нуди преку Нацртот на законот мислам дека претставува еден сеопфатен документ, една сеопфатна платформа како да на крајот пристапиме кон промена на системот. Во него, според моето мислење дошле до израз, нашле свое место сите наши и не само наши предлози и сугестии туку и размислувања. Според тоа според моето мислење тој претставува една заокружена целина која нуди една појасна перспектива за остварување на оваа трансформација.

Се разбира овој закон ќе треба да ја доживее и третата фаза, фазата на Предлог на закон. Меѓутоа и сега мислам дека ќе предизвикува и предизвика интересираше кај телата на Собранието, па според тоа би рекол дека и во Комисијата за економска политика и развој се разви мошне широка дискусија околу него, но сепак на крајот се оцени дека тој како таков, како концепт, како Нацрт заедно со нашите и не само нашите предлози и сугестии може да биде основа да си изготви еден добар Предлог на закон што ние би го донеле во рок од 30 дена. Така да на некој начин да се обезбедат услови конечно од нова година да се пристапи и кон негово реализирање. Затоа во Комисијата за економска политика и развој беше речено односно Комисијата заклучи да му предложи на Собранието на Република Македонија да го разгледа и усвои Нацртот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал заедно со Информацијата за примената на Законот за општествен капитал во стопанството на Република Македонија до крајот на 1992 година и да ја задолжи Владата на Република Македонија во рок од 30 дена да изготви и на Собранието да му предложи Предлог на закон, при што да ги има предвид укажувањата и забелешките содржани во овој извештај. Истовремено Комисијата предлага при изготвувањето на Предлог на закон предлагачот да изврши пошироки консултации со сите заинтересирани субјекти.

Во меѓувреме доаѓаме до одзиви во стопанството, особено од асоцијацијата на стопанството во нашата Република во кои се истакнува дека стопанството на Република Македонија ја истакнува значајноста на процесите на трансформацијата на општествената сопственост во создавањето на ефикасно стопанство врз принципите на пазарната економија

Понатаму се вели дека стопанството оценува дека е значително подобрен текстот на Нацрт-законот во однос на предлогот на донесувањето на законот во кој се вградени поголем дел од укажувањата на асоцијациите на стопанството и на здруженијата. На текстот на законот му се дава поддршка со укажување на некои нови сугестии кои би биле во прилог на неговото поефикасно доградување.

Се оценува дека има потреба да се дефинира правниот амбиент во Република Македонија и да се заокружи законската регулатива која го условува неговото спроведување и значи предуслов за негово навремено заживување

Во услови на слаба материјална основа, висока неликвидност и инфлација отсуството на основните биланси на средства, биланс за техничкото спроведување на законот и биланс на можен потенцијал кој би се ставил во функција на неговото реализирање ќе влијае на забавено стартување и реализирање на законот.

Се укажува на потребата за постоење на политички консензус за прашањето во врска со неопходноста на насоките, целите и методите за спроведување на процесите на приватизација

Има мислење дека нема апроксимација на вредноста на општествениот капитал во Република Македонија и особено на делот што се предлага да се трансформира. Не е дефиниран статусот на делот од општествен капитал кој во првата фаза не се предлага да се трансформира.

Во времето на расправата по предлогот имаше спорни гледања по однос на Предлогот за донесување на законот и самиот Предлог на закон оди во една фаза.

Расправите што сега се отворија во Синдикатот ја потврдија нашата претставка а тогаш ја прифати Собранието законот, неговото донесување да оди во две фази, што значи да се остави простор во времето на неговото изготвување да се произнесат сите субјекти што ќе се најдат во функција на спроведување на самиот закон.

Сметам дека уште во праставата по Предлогот за донесување на законот не беше спорна самата стратегија за приватизација. Во основа дадена е поддршка на развојот на принципите на пазарната економија во која ќе доминира приватниот сектор и со почитуваше на основната пазарна законитост, понудата и побарувачката, при што се очекува низ таа форма да се зголеми и ефикасноста на работењето на претпријатијата.

Познато е дека сите земји од Источна Европа кои се наоѓаат во процес на трансформација на своите стопанства увидоа дека трансформацијата не може да се спроведе по веќе познатите начини по кои се приватизираат претпријатијата во земјите со развиена економија. Класичната стратегија што се применува во развиените земји се спроведува почесто, случај по случај и тоа во цела гранка или поедини претпријатија.

Примената на начините и техниките сигурно се во функција на условите во кои делуваат тие и такви претпријатија. Оттука и класичната стратегија за приватизација што има индивидуален пристап не може да се примени во процесот на трансформацијата каде се опфатени практично сите стопански субјекти.

Со прифаќањето на Предлогот за донесување на закон прифатена е и стратегијата за спонтана или децентрализирана приватизација што дава

полна слобода на претпријатијата да ја покренат и спроведат постапката самостојно и на начин што самото претпријатие смета дека е најповолно за него.

Владата како предлагач на законот за трансформација на општествениот капитал има прифатено доста од забелешките што беа дадени на Предлогот за донесување на законот и се вградени во самиот Нацрт на закон, а се однесуваат пред се на овластувањата на Агенцијата кои што беа доста големи, на гуравичноста и спроведливоста на самиот закон во пракса посебно во делот на роковите за негово спроведување и ублажување на последиците од негово самоспроведување.

Желбата за брза трансформација со која ќе се обезбеди поголема ефикасност во работата е присутна кај сите субјекти, но не можат да се одминат ограничувачките фактори кои не овозможуваат да се спроведе брза трансформација. И јас во понатамошниот дел од мојата дискусија ќе ги изнесам моите гледања во делот на членовите, посебно во членот 52 каде се забрзува тој процес на приватизација а сметам дека не е во можност во пракса да се спроведе бидејќи не се стекнати условите за спроведување на една таква брза приватизација, што значи треба да се спрема условите да се обезбеди и таков пристап на приватизација.

Како ограничувачки фактори пред се ќе ги нагласам: неподготвеноста на стопанските субјекти за приватизација па и целиот стопански систем е во почетна фаза на реформата, што подразбира и непостоење на инструменти во финансиската регулатива, а пред се пазарот на хартии од вредност, нерационален, доста скап, несоодветен пресметковен систем, недостаток на менаџерски кадар во духот на претприемаштвото посебно следен со изразена финансиска недисциплина кај сите стопански субјекти. меѓутоа сметам дека најголемите ограничувања што тој процес на забрзување го

оневозможуваат се наоѓаат во макроекономската нестабилност што е последица на преголемата општа и заедничка потрошувачка што посебно јас ја потенцирав во делот на расправата за дополнителните мерки на економската политика на Владата за 1992 година.

Апсолутно го поддржувам решението што се нуди во Нацрт- законот за утврдување на вредноста на претпријатијата со проценка, а не по книговодствена дејност и истата се изрази во ДМ односно стабилна валута, од причина што да се елиминира факторот на инфлацијата. Исто така, и разјаснувањето по однос на интерните акции што се издадени со спроведување на Законот за општествениот капитал каде јасно се гледа од самата Информација на Владата дека делот што треба да се разреши е сосема мал, би рекол и незначителен. Се работи само за 7 милијарди денари кои треба да се разрешат или се во спор, по однос на издадените акции по член 4 од Законот за личните доходи.

Го прифаќам понуденото решение по плаќањето на придонесите за овој дел на спорот што веќе е настанат, тие акции да добијат легалитет преку тоа што ќе бидат прогласени за обични.

Од страна на предлагачот прифатени се моите предлози за прецизирање на намената на средствата што ќе се остварат од продажбата односно од заштитата на интересите, пред се на вработените со основен попуст од 20%, а јас предлагам и една измена во делот на попуст по однос на должината на стажот, да не е 0,5 туку 1%, намена на средствата за Фондот за пензиска заштита од 15%, покривање на долговите на Републиката, не само надворешните туку и внатрешните долгови со алиментирање на депонираните девизни влогови на штедачите, покривање односно алиментирање на проблемите кои ќе настанат со технолошкиот вишок или со невработеноста и вложување на средствата за развој на нови програми.

Непрецизно е решението во член 23 за повластените услови кои треба да ги стекнат вработените и каде се регулира правото на купување на општествениот капитал по повластени услови да се даде само на вработените во претпријатијата и тука со одредени ограничувања по однос на годините на стажот по однос на времето на присуството во претпријатијата. Затоа предлагам во тој дел посебно во член 23 точките а) и б) да се бришат а да се заменат со нови.

а) Вработените и порано вработените во претпријатието и поранешните и сегашните кооперанти во земјоделското производство и прометот. Што значи на одреден начин да се овозможат поповолни услови да можат да купат акции, а дали тие ќе бидат поделени во две категории на приоритетност под а) или б), тоа е веќе прашање на конечното решение, а од друга страна се овозможи на кооперантите кои со години биле кооперанти во одредени прометни организации и имаат за тоа уредна документација да можат и тие, бидејќи тие се најздравите, би рекол акционери кои со производство можат на одре- ден начин да се вклучат во самото преструктуирање на самото претпријатие, независно дали е тоа од производството или од областа на прометот.

б) Вработените во правните лица кои работат со средствата во општествена сопственост кои по овој закон не се трансформираат, а тие се кажани во еден од членовите кои не се опфатени со овој за кон и вработените во органите на државната власт и нив соодветни институции.

Точката в) останува а таа се однесува за делот на повластиците што треба да ги стекнат пензионерите.

Со ова решение ќе се задоволи принципот на правичноста, ќе се зголеми бројот на акционерите надвор од претпријатието, ќе се оцени профитабилноста на претпријатието затоа што за претпријатието за кое

нема да има интерес од самите вработени во претпријатието, ќе имаат вработените надвор од претпријатијата кои може да се вклучат во купување на акции со повластени услови, а во недостаток на средства а тоа е очигледно, сигурно дека ќе има и дополнителни средства кои ќе се вклучат во делот на трансформацијата на самото претпријатие.

Јас ќе го потенцирам и посебно членот 24 каде има големи ограничувања за спроведување на овој мој предлог, бидејќи во член 24 во првата алинеја под поповолни услови можат да се купат најмногу 10% од вредноста на акциите. Тоа е големо ограничување и сметам дека би требало овој процент да се замени со 30%, бидејќи на тој начин нема да биде загрозена целата стратегија на приватизација, а во секој случај ќе се вклучат квалитетни субјекти кои ќе управуваат со самите претпријатија. Исто така, во делот на висината на средствата предлагам да не се ограничи на 10 илјади ДМ, туку тоа да биде некаде 15 или 20 илјади ДМ за поединечно вклучување во делот на приватизацијата.

На крајот само ќе потсетам, а мислам дека е едно од нај- спорните прашања е прашањето во делот на уредување на односите што не го сретнав јас во трансформациите што ги прават во другите социјалистички земји па и државите од бивша Југославија да е внесена една одредба која овозможува забрзување на овој процес на трансформацијата, а тоа е одредбата во член 52 точка 3 каде се предвидува и останува и натаму Владата цврсто на своето решение, продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето со претпријатието со откуп најмалку 10% за големите претпријатија а 20% за средните претпријатија од проценетата вредност и тоа проценувањето да биде по пат на договор. Сметам дека ова решение во овој момент е неспроведливо, решение кое ќе доведе до одредени деформации во самиот процес на приватизацијата. Тоа се докажа

и во процесот на приватизацијата во Маџарска, бидејќи вакви управувачки права и таму имаше отстапено, но за жал во самиот тек на приватизацијата се најдоа најпогодните решенија за малверзации и за спроведување на законот, а не за правата суштина на самата трансформација. Оттука сметам дека ние сега немаме подготвено механизми да го примениме тоа забрзување и затоа предлагам членовите кои се сврзани со точката 3 од член 52, 58, 59, 60 и 61 се бришат.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ**: (Продолжение)

На крајот сакам посебно да ја потенцирам обврската за навремена подготовка на сите закони и подзаконски акти, затоа што само така со паралелно подготвување и усвојуваше на законските и подзаконските акти може да се обезбеди практична примена и оневозможување на одредени можеби малверзации во делот на спроведувањето на самата трансформација. Пред се би ги потенцирал Законот за агенцијата кој што веднаш мора да биде во процедура, Законот за претпријатијата, Законот за хартиите од вредност, Законот за денационализацијата, а посебно упатството за проценка на вредноста итн.

На крајот сакам да укажам дека Комисијата за стопанство го прифати предлогот на Владата во рок од 30 дена, или во рамките на тие 30 дена да се води расправа и на одреден начин да ги сумира сите забелешки и да му предложи на Собранието предлог закон кој што треба на одреден начин да го дефинира самиот процес за трансформација на општествениот капитал.

**СИМЕОН НАУМОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници и останати присутни во салата, пред да поминам на моето излагање сакам посебно да изразам едно признание на извонредното образложение кое вчера го слушав од министерот поврзано по овој Нацрт- закон, после кое мислам многу дилеми кои ги има во себе ги расчистив и сметам дека е направен голем напор од негова страна да се дојде до една конечна верзија општо прифатлива за сите на овој клучен закон за натамошно работење во стопанството.

Денес макар со забележително задоцнување го чиниме вториот и многу сериозен чекор од областа на трансформацијата на општествениот капитал. Влегуваме во фазата на доформување на Законот кој по мене заедно со Законот за продажбата на општествените станови претставува клуч во стопанската реформа во Републикава Со усвојувањето на овој закон конечно ќе ги имаме сите предуслови за постепено излегување од состојбите во кои се наоѓа стопанството на Републиката, кое излегување нема да биде ниту лесно, ниту едноставно, па и не ќе се изврши за кратко време, за година, или две. Со усвојувањето на овој закон ќе создадеме услови за несфатливо крупни настани во стопанисувањето, промени кои за многумина ќе бидат чудни, неприфатливи на кои ќе следуваат и лавина критики и оговарања од голем број од населението во Републикава, случаи на брзи богатења, пропаѓања, па и испуштање на вишок работници присутни во многу претпријатија во Републикава, барем во почетната фаза.

Нацртот на законот го разгледував со посебно внимание. и заклучив во однос на претходниот текст на Предлогот претставува забележително подобра целина, поеластична и поприфатлива, но сепак сметам дека се потребни уште извесни корекции за добивање поефикасно и поприфаливо конечно решение, поприфатливо барем за повеќето негови корисници и за подобри ефекти од неговата примена во практиката во Републикава. Позитивните моменти во Нацртот се тие што е смалена улогата на агенцијата, како што рекоа и претходните дискутанти, тоа го призна и министерот. Избегнато е решението за носење одлуки за принудна управа во претпријатијата од страна на Владата, дадено е некакво решение кое од многумина се бараше за поволности на вработените при откупот на капиталот во претпријатието каде работат, регулирано е прашањето на трансформацијата по монополските претпријатија и оние кои располагаат

со земјиште и површини. Како клучни недостатоци кои беа и мои забелешки по Предлогот за донесувањето на овој закон за кои се залагав да бидат променети преку својата дискусија од 2 јули оваа година по истото прашање. Со овие корекции сум задовлени со извесни додатни дополнувања на Законот истиот ќе биде прифатлив за мене. За таа цел денес имам намера да искажам некои свои забелешки по текстот и да предложам некои нови позитивни решенија за кои за дел од нив се надевам ќе се најде место во конечниот текст на Предлогот на овој закон кој го очекуваме за месец дена.

Прво со што не се сложувам е решението дадено во Нацртот за предвиденото време за носење на одлуките за трансформацијата на претпријатието, времето за контрола од страна на Службата на општественото книговодство на примената на стариот сојузен закон каде што е предвидено посебно носењето на одлуките да трае и до временски период од две години во зависност од големината на претпријатието. Еве од кои причини сум против тоа. Макар што и министерот вчера и претходниот дискутант смета дека времето треба да биде што подолго за да нема грешки. Кога законот ќе се гледа во целина, од неговиот текст не може да се добие нагласен впечаток која е основната цел која треба да се постигне со овој закон. Сепак,целта е јасна за најголемиот дел заинтересирани субјекти по овој закон. Ако целта на носењето на овој закон беше да се добијат брзи финансиски ефекти во готови пари за да се решат состојбите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и проблемите со девизните штедни влогови итн., тогаш решениево од Нацртот за долгиот рок на носењето на одлуките за трансформација, па и контролата од Службата на општественото книговодство и за мене ќе беше прифатлив. Но, ако законот се носи за да се изврши трансформација на општествениот

капитал исклучиво и примарно за да се обезбедат сигурни предуслови за совладување и излез од состојбите кои ги имаме во стопанството во Републикава денес, тогаш за мене решението со ваков долг рок на носење одлуки за трансформација, како и давање долго време право на Службата на општественото книговодство да врши контроли воопшто е неприфатлив. Прифатлив е само временскиот период за« мене од три до најмногу девет месеци и ништо повеќе. Владата треба брзо да оцени, или соодветното министерство дали штетите во Републикава ќе бидат големи од грешките кои ќе се направат во периодот на носењето на одлуките во претпријатијата кои во од, со редовна контрола можат да се отстрануваат или од последиците и од доцнењето во трансформацијата во стопанството. Ако сите сме убедени дека само со трансформација на општествениот капитал најбрз можеме да ги совладаме присутните огромни стопански тешкотии, тогаш дилеми за скратување на рокот за носење на одлуки за трансформација, за контрола од Службата на општественото книговодство во претпријатијата не треба воопшто да има кај никого.

Второ, на што не сум задоволен од текстот на Нацртот е тоа што во него е тргнато од појдовна точка како да сите претпријатија во Републикава денес стојат финансиски еднакво добро, или еднакво лошо, односно како да сите се поддеднакво успешни,или подеднакво безуспешни, или ако сакате како да сите еднакво успешно работеле во изминатите пет, десет или 15 години. Со други зборови минатиот труд во претпријатијата е потполно изедначен и нема разлика во зависност од успешноста во работењето. Тоа сосема јасно се гледа од даденото решение во член 24 од Нацртот кој единствено се позабавува со оваа проблематика. Нацртот на законот нема направено категоризација да речеме како пример по однос на соодносот на

ангажираните финансиски средства во претпријатието како кредити од надвор и оние создавани со години со ред наназад од продуктивното работење и од заштедите од неисплатените лични доходи на вработените во онаква висина колку и можело да се исплатат. По мое длабоко убедување во следната верзија на Законот, Предлогот на законот мора во член 24 или во било кој друг поинаку да се регулира ова прашање со што ќе се даде и објективна сатисфакција на минатиот труд на вработените во зависност од успешноста на претпријатието во изминатиот период. Јас сметам дека претпријатијата во Републикава по соодносот за кој зборував претходно, или по некои слични показатели условно земено можат да се поделат на три категории. Прва, неуспешни, втора средни и просечни. И трета, успешни претпријатија. Предлагам во текстот на Предлогот на законот на вработените од неуспешните претпријатија максималниот износ на акции кои можат да се откупат со попуст да биде до 10 илјади западногермански марки по работник, кај средните до 20 илјади, а кај успешните до 30 илјади марки по вработен и да се доделуваат на оној кој ќе биде заинтересиран за тоа. На истава тема слични некои гледања имаше и претходниот мој почитуван колега дискутант Петар Георгиев.

Трета моја забелешка и воедно предлог е тоа да вредноста на становите кои се изградени за потребите на вработените и делени преку бившите СИЗ-ови за домување за кои го донесовме Законот за продажба на истите не влегува во проценетата вредност на општествениот капитал на претпријатието кое ќе се трансформира.

Четврто не можам да сфатам поради кои причини во Нацртот строго се ограничува кое претпријатие може да се трансформира во акционерско

друштво, а кое во друштво со ограничена одговорност, И се прашувам, а го прашувам и предлагачот, зошто не се дозволува претпријатието само да бира во што ќе се трансформира или во акционерско друштво или во друштво со ограничена одговорност за што и јас се залагам да остане како решение.

Петто, во текстот е дадено решение претпријатието да може да се трансформира и по пат на продажба. Ако се избере ваков пат на трансформација, предлагам средствата во продажбата кои ги. добива агенцијата да можат а) да се врати целиот износ, или дел од нив во истото претпријатие, а строго наменски за развој, за стабилизација, пред се за реализација на програми наменети за извоз; б) да се вратат дел, или целиот износ за развој во општината каде е седиштето на претпријатието за да се создадат услови преку реализација на нови програми во други средини во општината, во други претпријатија, да се вработат сите или дел од испуштените работници од претпријатието кое се продало, или продало само еден негов дел.

Шесто, во Нацртот на законот агенцијата има право на база на акциите кои ги има кај себе од претпријатието на крајот на годината да добива дивиденда буквално и во неограничен износ. Предлагам износот на дивидендата која агенцијата може да ја повлече кај себе во облик на средства да се ограничи до најмногу 10 до 20% од целокупното право кое и припаѓа а другиот дел да го остава за развој во претпријатието за што повратно како покритие ќе добие акции. Решението во Нацртот тие да се. префрлаат на сметка на Министерството за труд и социјална политика за намени како што е речено е во членот 89 за мене е неприфатливо.

Седмо, во Нацртот на законот во член 105, став 2 стои да интерните акции издадени според Сојузниот закон за општествен капитал, а платени со интерни акции издадени согласно член 4 од Законот за личен доход добиваат својство на обични акции ако се платат со закон пропишаните обврски. Цитирав дел од тој член. А во образложените во глава II стои цитирам: "дека со толкувањето на Сојузниот извршен совет од 31 јануари 1991 година незаконски е овозможено интерните акции издадени според Законот за лични доходи да се користат за откуп на интерни акции издадени според законот за општествен капитал. Овде се поставува прашањето што со оние претпријатија кои таа постапка ја спровеле пред тоа толкување уште во 1990 година, а некој можеби и со некаков писмен благослов од Сојузната влада. Јас во целост се сложувам оваа определба од Нацртот да се применува само и исклучиво за оние претпријатија кај кои со контролата на Службата на општественото книговодство ќе се утврди дека немало материјално покритие за изадавање интерни акции но и не генерално за сите.

Осмо, прашувам ако кај некои претпријатија со контролата на Службата на општественото книговодство се утврди дека не се правилно трансформирани по бившиот сојузен закон за општествен капитал а се регистрирани во судовите како акционерски друштва или друштва со ограничена одговорност, конституирале управен одбор и слично, поставувам прашање каква ќе биде валидноста на одлуките кои досега се носени на управните одбори, а судовите ги поништат. Дали и тие одлуки нема да треба да се поништат од страна на судовите, дали таму не ќе треба ревизија и контрола.

На крајот покрај претходното прашање до предлагачот имам да поставам уште три прашања.

Прво, кои претпријатија дали се дефинирани ќе се трансформираат со продажба на лица кои превземаат управување со претпријатието. Дали таа постапка на трансформација важи поддеднакво за сите претпријатија или само за оние кои при процесот на трансформација работата со загуби, или стојат, воопшто не работат денес.

Второ, во трансформацијата која постои по овој закон прашувам каква улога и третман ќе имаат сегашните раководства . од претпријатијата, управните одбори, републичките совети? Мене

лично ми изгледа никаква, односно само дел од раководството да ја припреми програмата, или постапката за носење на одлуките и да исчекуваат од огласите и ништо повеќе. Дали тоа е точно и вистинито?

Трето, во Нацртот нејасно е регулиран односот на Собранието спрема агенцијата. Само на едно место во член 90 се зборува дека агенцијата му поднесува годишен извештај на Собранието за нејзината работа и за користењето на средствата и ништо повеќе. Што Собранието натаму работи по овој извештај, какви ингеренции има, нема ништо дефинирано што за мене е празнина во Законот и како таква не треба да остане,посебно кога ќе се работи за институција која ќе има огромна улога, власт и капитал.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Почитувани пратеници,

Јас би имал да укажам на Владата едно задоволство од моја страна што успеа да се прилагоди спрема барањата на поширокиот аудиториум кој бараше измени во првиот предлог што најде снаги да измени многу работи и тоа ми чини посебно задоволство.

Овој закон кој ние треба да го донесеме во наредните денови или месеци за мене претставува еден од основните закони, еден од најважните закони кои треба овој Парламент да ги донесе. Овој закон, всушност ја определува иднината на Републиката, нејзината перспектива и развој. Овој закон го определува економскиот и политичкиот развој. Во кој правец практично ќе тргне Републиката. Затоа треба на овој закон да му обрнеме посебно внимание и да го донесеме со целиот респект,.да му дадеме важност онаква каква што заслужува. Сигурно предлагачот имал тешкотии да ги задоволи сите интереси кои произлегуваат во врска со овој закон од разни средини. Направен е обид тие интереси колку толку да се задоволат и некои работи да се амортизираат , кои во првиот предлог беа изразито неповолни. Јас сакам да направам едно интермецо и да кажам дека процесот што го имаме во Републиката ретроактивно да ги менуваме работите што потекнуваат од разни средини, можеби и од Синдикатот, и од штрајкачки одбори итн., на Републиката ќе и нанесат огромна штета. Сметам дека таквите процеси ако ги заговара Синдикатот, или пак самоиницијативно се организираат од штрајкачки одбори, треба да се запрат. Каква Република ќе бидеме ние, односно каква економија ќе водиме ние, ако денес донесеме еден закон, а по извесно време тој закон го менуваме. Каква ќе биде сигурноста на идните вложувачи во нашата Република, во нашата економија, ако ние секојдневно ги менуваме

законите, особено виталните закони. Мислам дека министерот, предлагачот има една неповолност што овој закон го донесуваме во едно изразито тешко време за Републиката, кога целата Република, па и регионот е во тотална нестабилност како политичка, така и економска. Во такви услови донесување на овој закон сигурно има еден голем минус. Бидејќи моите колеги претходно искажаа многу од тоа што јас сакав да го кажам, не би сакал да се повторувам, само би сакал да го прашам предлагачот и Владата како мислат преку Агенцијата да го проценуваат општествениот капитал. Дали ќе го проценуваат толку колку што тој навистина вреди, според тоа колку има капитал во згради и обртен капитал или ќе ги земат предвид и-^ другите моменти при проценката на тој капитал. Всушност капиталот вреди онолку колку на пазарот некој за него ќе понуди, а не тој колку навистина вреди. Некој ќе понуди за едно претпријатие повеќе или помалку зависно од тоа дали претпријатието има пропулзивна програма, дали има добра екипа, дали има разработен пазар и дали има политички стабилни услови. Од сите тие околности зависи дали тоа претпријатие ќе вреди повеќе или помалку, а не дали ние ќе одредиме вреди толку или онолку. Фактички во згради и друго, а стварната вредност му е далеку помала, зависно од околностите што ги кажав претходно.

Второ, и покрај тоа што Владата и предлагачот се труделе да избегнат да се добие дојам дека Агенцијата која е формирана всушност ќе претставува повторно една државна институција која на крајот може да биде најголем сопственик на капиталот во Републиката. Наиме, ако е проценката дека капиталот во Македонија вреди неколку десетина милијарди долари, а само 8% од населението имаат капитал или можности

да го откупат тој капитал кој вреди неколку десетици милијарди долари, што ќе биде со остатокот на капиталот кој не ќе може да се откупи бидејќи неповолни се политичките и економските услови за странски вложувања во Републиката.

Трето, процентот од 10% што се дава можност за откуп на акциите за управување со претпријатието кај големите претпријатија е висок процент. Не може да се створи една екипа на луѓе од надвор, па и од внатре што ќе можат тој капитал да го откупат од 10%\ На тој начин ќе се создадат услови и после пет години кога е рокот да се откупи најмалку 51% од акциите тоа големо претпријатие постане власништво на Агенцијата т.е. на државата.

Другата забелешка ми е што кај големите претпријатија не е предвидено самото претпријатие да пружа иницијатива и да има можности да преговара за продажба на целото претпријатие, дел од претпријатието за трансформација. Сето тоа, во законот е оставено како право на Агенцијата. Мислам дека тоа не е во ред.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Веројатно со претходните дискутанти, па и со некои и покасно ќе се повторуваме бидејќи барем луѓето кои потекнуваат од стопанството, очигледно според досегашните искажувања им се подударaат мислењата, така да јас некаде ќе се повторам со претходните дискутанти, но не треба да смета иако се повториме. Веројатно треба да значи дека повторувањето повеќе пати значи пошироко мислење за една таква проблематика.

Трансформацијата на општествената сопственост е најважното прашање на општествениот живот во кој треба да се имаат предвид не само економските, туку и социјално - политичките аспекти. Со трансформацијата се врши промена на старите и создавање на нови производни односи. Оттука произлегува важноста на ова прашање и потребата за избор на најсоодветен модел за трансформација и методи за негова реализација, со цел минувањето на пазарно стопанство како поефикасно стопанство, но, исто така треба да се смета на социјалниот аспект и аспектот на правичноста. Колку е потребно брзо да се донесе овој закон бидејќи провејува мислењето дека поитно да се донесе, колку или повеќе е потребно да се биде внимателен какви решенија ќе се донесат. Ова го истакнувам заради тоа што понекога брзите решенија не се најдобрите решенија и кога се чини дека со брзо решение ќе се дојде до сакана желба, до саканата цел, некои процеси, односно некои аспекти ако не се доволно согледани, можеби можат целиот процес да го вратат назад, така да ефектот што се сакал во брзина да се добие, може многу повеќе да се одолговлече. За пример ќе ја земам бившата наша Република , Република Словенија која многу пред нас беше и од аспект на развиеноста , пред нас се во остварувањата, пред нас го доби осамостојувањето, пред нас е меѓународно признаена, пред нас влезе во процесите на светските фондови за поддршка на неразвиените држави, но сеуште го нема донесено законот за трансформација. Со тоа не сакам да кажам дека нашиот закон не треба да се донесе, туку да повторам уште еднаш дека е многу битно какви решенија ќе се донесат во Законот имајќи го во предвид нашето миље и нашите состојби и во стопанството и во државата како тој закон би бил навистина прифатлив и спремен за реализација. Не случајно во Словенија долго време се расправа по него, бидејќи се работи за

фундаментален закон за стопанската реформа и се бараат најпрецизни или најприфатливи решенија за истите. Затоа овде сакам да истакнам за барањата што ги истакнува Синдикатот во последно време. Не можам да речам дали е тоа право да се оди на јавна расправа, но мислам дека на Синдикатот треба да му се даде простор да се искаже што сака. Дозволата да се искаже од прилика ќе го намали можеби еуфоричното размислување и така да речам недоволно сфаќање на одредени решенија и полесно ќе дојдеме до правични решенија. Избегнувањето на Синдикатот да му се даде правото што го бара можеби ќе не доведе во ситуација ние да донесеме решенија на кои ако утре Синдикатот се спротивстави можеби ќе имаме тешка реализација. Јас лично сметам дека недоволно или во недоволна мерка се опфатени забелешките и укажувањата од расправата по потребата за донесување на законот иако објективно е да се признае дека има одредени прифатливи предлози и одредено подобруваше, но, по мое мислење сеуште треба корекција. Доколку не се доградат дополнителни решенија во смисла на поволности на купување на акциите на граѓаните, а пред се на вработените во стопанството кои се доминантни стварачи на општествениот капитал, сметам дека применливоста на овој закон ќе биде многу мала. Кога го истакнувам тоа, го истакнав и кога го донесувавме Предлогот за донесување на закон и сега, колку и да сакаме да го избегнуваме фактот сепак треба да се согласиме дека еден огромен дел на вработените во стопанството се стварачи на капиталот кои сега сакаме да го трансформирам. Сигурно не сто посто, сигурно дека сите граѓани без разлика од која позиција имаат придонес во остварувањето, но ќе го поддржам во дискусијата колегата Симеон Наумовски кој зборуваше дека сепак треба да се направи разграничување кои од организациите во стопанството како работеле во минатото. Кои стварале, кои повеќе

стварале, кои ништо не стварале, а има и такви кои растурале. Така да, ако сакаме да бидеме правични веројатно во законот треба да створиме можност, па во фазата на донесувањето на одлуките заедно со Агенцијата да се оцени таа можност и оние кои издвојувале од личниот доход за фондови, кои не го делеле се што створиле во лични доходи, туку граделе, проширувале, мора да имаат одредени права пред другите кои не правеле така. Кои се што имале делеле за личен доход, кои дури и кога немале делеле лични доходи итн. Така можеме од прилика кога јас велам правичност, во таа смисла да разгледуваме. Инаку ако сите ги земеме по иста квантификација, под иста оценка на успешност мислам дека ќе имаме поголеми проблеми.

Што се однесува дека законот ќе има мала применливост, или степенот на применливост ќе биде мал, јас го ценам тоа од следното. Сметам дека нашите граѓани имаат многу мал капитал. Техничко - технолошката спремност на нашето стопанство не е на ниво кое е атрактивно, па доколку некој се одлучи да вложува средства, еднаш треба да вложи за откуп на акции, откуп на претпријатието, а по втор пат додатно треба да вложи за да се еден огромен дел од претпријатијата, ако не и сите, треба додатен капитал да се доведе технологијата и организацијата ,ца ниво кое е конкурентно на светскиот пазар. Инаку, нашето стопанство сега е во таква фаза да е недоволно конкурентно.

Уште еднаш сакам да истакнам дека во овој закон треба да се почитува одреден континуитет со претходниот закон, со сојузниот закон според кој добар дел од организациите искористија одредени поволности . Со неговото стопирање, организациите кои не ја почнаа трансформацијата според истиот, практично сега работниците во истите претпријатија се

обесправени. Предлагам она што беше како поволност таму предложено да се прифати и во овој закон. Тоа е дека до 30% треба да има попуст во акциите при откупувањето од вработените. Тогаш и не беше само за вработените, туку за сите граѓани и плус 1% за секоја година од работниот стаж како поволност за работниците во стопанството.

Исто така, таму имаше решение да може акциите да се откупуваат на рати. Мислам дека тоа треба да се предвиди и во решението на овој закон. Мислам дека кај нашите граѓаните, нашите вработени има мал :капитал и не ќе можат готови пари да даваат ако сакаат дали во претпријатието каде што работат или на друго место. Според тоа тоа е една од поволностите и стимулот каде што треба да се дозволи отплата на акциите во рати, и како потреба за стимул и како изедначување на одредена правичност со оние кои такви акции откупија на 10 години, бидејќи тогаш имаше можност за отплатување. Тоа мора да се почитува и мора да тече понатаму. За информираност на сите да кажам дека такви решенија се предвидени во хрватскиот закон кој е донесен и во словенечкиот закон кој е во фаза на донесување. Ги споменувам овие два закона односно овие две држави, затоа што нивната појдовна основа е исто како нашата. Состојбата на капиталот од која тие поаѓаат е иста како кај нас. Јас лично сметам дека источните земји, од социјалистичкиот свет од друга позиција поаѓаат. Таму капиталот беше државен и на некој начин трансформацијата од таа позиција треба да тргне. Во нашето друштво капиталот беше во општествена сопственост, каде што работниците одлучуваа од своите лични доходи да издвојуваат да прават итн. Мислам дека тоа треба да се респектира и да се има на ум.

Од аспект на одредени членови на законот јас ги предлагам по мое размислување следните дополнувања:

Во членот 24 под повластени услови да може да се купи најмногу до 30% наместо предложените 10% од вредноста на акциите. Како образложение , да ги стимулира граѓаните и вработените, а исто така во решенијата во спомнатите наши две бивши републики, сега држави, во Хрватска е предвидено 50% да може да се откупи поповолност, а во Словенија 30%. Кај нас е предложено само 10% за што сметам дека тоа е минимална бројка и не можат граѓаните ни заробените девизни влогови по основ на тоа барем на некој начин да ги трансформираат од девизи кои ги дале во банките, да ги трансформираат во некакви хартии. Дали од тоа ќе имаат корист или не времето ќе покаже, но барем да ги трансформираат.

Другото дополнување е корисниците на попусти да имаат право акциите да ги купуваат со основен попуст 30% наместо предложеното 20% и зголемени за 1% за секоја година помината стаж на работа. Сега е предложено во законот 0,5%.

Образложението е континуитет на претходниот закон, еднаквост меѓу граѓаните и работниците оние кои зедоа дел од трансформацијата, а започнаа со минатиот закон, поттик и стимул за вложување во акционерство и што такви решенија се предвидени скоро во сите земји во кои отпочна трансформацијата. По мое мислење, само на тој начин ќе се отпочне со трансформацијата, во спротивно ќе имаме по една до две години , зависи кои рокови ќе се усвојат, единствен сопственик во државата, а тоа ќе биде Агенцијата, а преку Агенцијата практично ќе имаме единствен сопственик државата. Практично индиректно поопштествување на општествениот капитал. Доколку нема поволности јас верувам дека ќе помине овој период и претпријатијата ќе останат во таква фаза како што

определени потези, или на крајот ќе мора да биде сопственик само агенцијата.

Понатаму сметам дека уделот или делот со попуст не може да го надмине 20 илјади германски марки, наместо предложените 10 илјади. Исто така сметам дека 10 илјади германски марки е ниска големина, за што сметаат и други дискутанти. По моја оценка треба да биде 20 или повеќе. Пак од општи причини да граѓаните кои имаат заробени големи девизни штедни влогови во банките да можат по оваа основа на некој начин да се ослободат и да земат хартии, а дали ќе имаат корист од тоа лично не знам. Тоа беше ми се чини во членот 24.

Во членот 20 лично размислувам да ако плаќањето на акциите се врши со девизни штедни влогови, граѓаните да имаат попуст 10%, а ако купувањето на акциите се врши со продажба на ефективни девизи да имаат попуст 20%. Веројатно за тоа ќе има и различни размислувања, како и критики, затоа што секогаш се иде на тоа дали тие штедачи или имаат ефективна девиза треба да бидат рамноправни. Објективно така треба да биде, но имајќи предвид дека на оваа држава и требаат девизи, добро е да се стимулира, ако некој има ефективна девиза да има поголем попуст. Инаку можда правичноста би била обрнута, оние кои ги дале девизите кои ги дале во државата и во банките државата ги користела,по некоја логика може треба да имаат поголеми права бидејќи имале доверба во оваа држава, ги дале , но во овој момент мислам дека една таква категоризација би била соодветна, но на секој начин да им се даде одреден попуст. Во смисла на тоа да има одреден попуст за да можат граѓаните да влезат во оваа трансформација и купување, како и воопшто во акционерството.

Исто така, сметам дека треба да се предвиди можност за откуп на акции во рати, најмалку за 5 години. Досегашниот закон кој го стопиравме имаше можност 10 години, во другите држави што ги спомнав такво решение има, за 5 години. Мислам дека треба да се овозможи купување на акции на отплата за 5 години. Целта е да се створи можност за трансформација. Ако не ги активираме нашите граѓани, а пред се вработените во претпријатијата ќе имаме закон, а ќе немаме трансформација и ќе се вратиме не знам колку години назад преку Агенцијата во државна сопственост, а лично сметам дека државата не може да биде добар домаќин. Тоа и во историјата се покажа.

Исто така, сметам дека, треба да се предвиди можност за докапитулизација. Мислам дека во законот има одредени решенија, но тоа да се направи малку пофлексибилно да и акциите што се купуваат со попуст да може да се врши докапитализација, бидејќи има потреба во нашето стопанство за додатен капитал за да се доведе фирмата во нормални услови на стопанисување, во нормална организација и да може да биде конкурентна на светскиот пазар.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:** (продолжение)

Решението кое се предлага со 10% попуст за големите претпријатија и 20% за средните претпријатија лично сметам дека како и дека е интересно. Но сметам дека во праксата за спроведување ќе биде исклучително тешко. Ние немаме социјални програми, веројатно се обидуваме со ова да ги донесеме, немаме регулатива, јака и здрава државна регулатива, законска регулатива, немаме традиција во таа смисла и сметам дека ќе имаме големи проблеми. Инаку, јас како идеја би ја поддржал, но лично не сум убеден каква ќе биде ефикасноста во тој дел, бидејќи процесите кои во последно време - се јавуваат дека оние кои станаа акционери, сега бараат да ги вратат акциите, да се вратат на општествена сопственост итн., сметам дека нема ни доволно разбирање ни сфаќање за оваа материја, така што од тие аспекти сметам дека може да биде....едноставно нема да се дозволи на екипите да го организираат и управуваат тоа производство. Сметам дека тоа е најголема опасност, инаку како идеја би било добро.

На крајот, за агенцијата да го повторам тоа што скоро сите го повторуваат сметам дека и понатаму има големи права. Идејата која произлезе во расправата од одредени пратеници дека треба да се размислува дека агенцијата треба да биде стручна, квалификувана екипа која ќе помага во донесување на програми за трансформација треба да биде едно, а средствата треба да одат на одредени други фондови каде што ќе контролира некоја друга институција. Вака и команда и програми и оценка и средства е сепак една јака државна институција, а се знае чија е таа, така што сметам дека постои и понатаму одредена опасност.

На крајот сметам дека покрај овој закон кој треба да се донесе, јас лично не сметам дека треба толку многу да го форсираме да биде за 1 месец, во една нормална расправа да се донесе, треба да се донесат и сите други закони кои треба да го пратат. Да не ги набројувам нив, законот за претпријатија, Закон за сметководство, за хартии и сите други кои еден без друг не одат, туку може да се создаваат само одредени празнини.

**ХАМИД АЛИУ:**

Дами и господо, ценето претседателство, јас потполно се согласувам со претходните почитувани колеги кои кажаа дека има голема разлика од предлог - одлуката за донесување на овој закон и овој нацрт на закон. Меѓутоа, овој нацрт-закон за трансформација на општествениот капитал според мене има фундаментална основа и го сфаќам и во политички аспект и во економски аспект, а исто така има и психолошки аспект. Не е сеедно еден работник да работи долги години па да не биде емотивно врзан со работното место и сите реакции според мене се нормални во овој момент.

Од комплексноста што ја има овој закон, а во зависност од која гледна точка го гледаме законот, би сакал нешто да при- донесам за овој нацрт-закон.

Прво, за донесувањето ваков закон мораме да се навратиме на претходните закони што сме ги имале досега. За донесување на законот за промет и располагање со општествен капитал,,("Сл. лист на СФРЈ" број 84/80), се даде можност за приватизација на општествениот капитал и тоа на два начина: продажба на претпријатијата во целина и продажба на дел од претпријатието. Според овој закон средствата што ќе се остварат по

продажбата на претпријатијата ќе се уплатуваат во фондови за развој, што се формирале во републиките и покраините.

Прашувам: дали сме имале ние во нашата Република ваков фонд, дали имаме средства, во колкав износ се тие средства и каде се.

Праксата покажа нешто друго. Тогашниот Сојузен извршен совет предложи изменување и дополнување на законот ("Сл. лист^ на СФРЈ" број 46/90) , го измени насловот на законот и во закон за општествен капитал, кој воведе исто така два начина на приватизација и тоа: издавање на интерни акции заради прибавување на дополнителен капитал таканаречена докапитализација, и второ, издавање на интерни акции заради продажба на претпријатието. И во овој закон исто така е карактеристично што средствата остварени со продажба на интерни каиции се уплатуваат во фондот за развој на Републиката.

Повторно прашувам: каде се тие средства, за што се"користени овие последни години, а знаеме дека мода е во сегашно време во секое претпријатие да пишува АД односно Акционерско друштво. Значи, имаме фиктивна трансформација досега, а ако не ефективна мора да се видат некаде тие средства. . Трето нема. Практично, немаме прегледност на реалната состојба на стопанството од другата страна, патот како се формирал тој општествен капитал бил долг. Не може некој само затоа што бил фактор во поранешната Влада и во поранешниот Извршен совет да стане и екстерен акционер во некое претпријатие. Не може некој затоа што имал прилика да биде директор 20 години да командува како што сака, да направи што сака, да биде главен акционер. Не може некој да стане главен акционер во една земја каде е граден тој економски објект, каде земале од некаде. Има доста  работи кои предлагачот треба и те како да ги анализира.

Точно е дека во сите источни и западни земји немаме правилна трансформација, меѓутоа, ние да се обидеме да имаме еден комплетен закон. Според информацијата, на ваков начин се трансформирале сите 355 правни лица или 22,6% или 40% од вработените итн., и тоа со 600- годишен нето личен доход или трикратниот годишен личен доход, дали не е ова социјалреализам или практично да го прекрстиме социјалдемокрација. Или затоа што имаме многу за|:они, како што е законот за сметководството со пропишани ставови на билансот или законот за личен доход по член 4, што сме навикнале да користиме некои пукнатини или други закони, па не знаеме кој закон да го промениме досега. Реалната состојба е следната:

Затоа што сакаме да најдеме пукнатини а знаеме дека до- сегашната трансформација според книговодствената вредност не е точно утврдена, не е правилно пресметана, не е правилно евидентирана или, не се правилно евидентирани акциите, исто така неправилна е и пресметката на стапката.

Од сето изнесено, немаме практично и во друштвото за сметководство со такви податоци кои ги дава, затоа сум јас против досегашната трансформација на капиталот. Камо среќа да имам јас погрешно мнение за оваа трансформација, меѓутоа, не може таква трансформација само од фиктивни работи.

Второ, овој нацрт-закон по мое мислење требаше побрзо да се донесе и да имаме правилна трансформација, реална трансформација како што треба, каде не може да се направи да се трансформира некое претпријатие, нека биде на крајот на краиштата државно претпријатие. Во овој закон треба да се елиминираат или да се елаборираат некои членови,

да не се контроверзни како што е последниот параграф на членот 1 со член 22. Не можам да се согласам што во членот 5 дава можност, ако претпријатието е во загуба, можеш да го продадеш имотот, да ја покриеш загубата. Значи, може секој да биде рентабилен. Треба да се анализира трансформацијата на станбениот фонд, што рекоа и претходните почитувани колеги. Сакам да ја знам разликата на сегашната агенција и таа која ќе се формира, зашто вакви агенции до сега сме ИМ&ПЕ, и сме навикнале. Само да формираме агенции и дали само Владата ќе ја донесе одлуката од практична страна.

Исто така, во член 8 се зборува дека мора да биде според црната берза, а не според некој просек, со кој јас не се согласувам.

Рокот за трансформација мора да биде пократок, не една година или 2 години;за големите претпријатија, затоа што ако

ЈГИ анализираме другите членови и вршиме некоја калкулација, 60 дена иницијативата, 30 дена од Министерството, па жалбата - тоа нема да биде една година, туку една и пол години, не 2 туку 2 и пол години.

Во член 8 исто така фондот за инвалидско осигурување - само потврда за удел или акција зема за 15% и 2% фиксна и исто така 2% агенцијата. Исто така го прашувам предлагачот колку учествуваат во оваа трансформација на капиталот.

Јас сум против тоа да се зголеми овој процент од 20%. Тоа не е намалување на вредноста на општествениот капитал и не се согласувам со 20%, туку треба да биде уште помалку.

Трето, го прашувам предлагачот, за да купи некои зашто по овој нацрт-закон кој се предлага дали треба да плати данок на промет или не треба. Ако треба, каде се прелеваат тие средства.

На крајот, за да успее овој закон мораме под итно да ги донесеме и другите закони како што е законот за царини, новиот банкарски систем и другите закони кои влијаат за успешноста на овој ваков закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас сакам да зборувам сега (претседателот излегува на говорница)

Јас го делам мислењето на оние пратеници кои овде ја истакнаа големата важност на овој закон. Овој закон не само вербално го менува економскиот и политичкиот систем во државата, туку овој закон коренито ќе ја измени положбата на секој од нас. Тоа е барем намерата. Не од нас овде пратениците, туку на секој граѓанин, на секој државјанин на оваа земја, т.е. ќе влијае на коренита измена на положбата на луѓето.

Оттаму само една забелешка. Мислам дека не е добро што оваа втора расправа ја водиме на работ на кворумот како Парламент.- Треба да знаеме дека ова е извонредно голема наша задача и салата треба сигурно д биде полна, затоа што биле овде или не биле, еднакво носиме одговорност за тоа што овде ќе одлучиме.

Ние водиме втора расправа по оваа материја и мислам дека е добро што не ја ограничивме расправата. Оваа материја е инаку многу сложена. Таа материја - ова е неповторлив случај во историјата на светот досега, вака масовна приватизација. Приватизацијата што  се врши во западните земји се врши во дефиниран систем на приватна сопственост со јасни да

кажам субјекти низ кои приватната сопственост е изразена, опстојува итн. и таа приватизација таму што се вршеше и се врши сеуште има сосема друг карактер и е многу полесно да се изведе, а ги трауматизира тие земји кога се изведува. Знаете какви бурни настани таму се случуваат кога се изведува.

Би рекол дека кај нас приватизацијата е уште посложено отколку што е кај источните земји, затоа што во источните земји е многу едноставно да се дефинира кој бил сопственикот, па да се приватизира тоа, било државата, таа е сопственик и да се приватизира нејзиниот имот, да се претвори во приватна сопственост. Кај нас тоа е потешко. Кај нас не само вербално ние имавме самоуправен систем, но мислам дека масовно на луѓето во главата им е влезено дека сите ние сме по малку сопственици на општествениот капитал и општествената сопственост. И оној што мисли дека луѓето не треба да мислат така, дека тоа не е праведно, јас мислам дека тој живее надвор од времето и историјата. Луѓето така мислат, така чувствуваат. Тоа да го знаеме ние, така мислат тие.

Од таму, мислам дека ние треба темелно да ги претресеме сите можни аспекти, да ги согледаме сите можни решенија, да видиме како може да дојде до решение што најмалку би било напаѓано.

Инаку, морам да ви кажам искуството до сега во источно- европските земји покажува дека нема решение кое нема да биде напаѓано и кое ќе биде со општо задоволство прифатено. Не постои такво решение. Но морам да кажам дека тука ние се наоѓаме пред две задачи.

Прво, ние мораме да одиме во приватизација што поскоро за да создадеме ефикасно приватно стопанство и во законот треба да ги вградиме сите механизми низ кои стопанството станува приватно. Тоа мора да се обезбеди што поскоро и ни треба поскоро, затоа што нам ни треба такво стопанство да почне да не вади од кризата во која се наоѓаме. Тоа мислам дека министерот Јане Миљовски вчера го разјасни. Но истовремено поставувајќи такви механизми на настанување на приватизација, ние мораме тие механизми да ги усогласиме со така да кажам редица решенија токму во овој закон, кој ќе избегнат можност да почне да се мисли дека целата приватизација и создавање на економски ефикасно стопанство всушност е една огромна ујдума некои да си го товари магарето, како вели народот, да може да дојде до една сосема супериорна економска позиција, а најголемиот дел од луѓето да се чувствуваат ограбени. Тоа е она што треба да се избегне, тоа чувство на користење на приликата сега и давање аргументи дека треба да се приватизираме заради тоа што целиот свет е приватен, така што тоа никој не го спори и мислам дека во нашето општество тоа веќе никој не го спори, не смее да остави сенка на целата оваа активност, на се што сега решаваме дека огромен дел од луѓе, граѓани, државјани на оваа земја фактички низ целата таа операција остануваат ограбени. Ако остане такво чувство, без оглед колку ефикасни се решенијата за создавање приватно сто- панство, приватизација на стопанството, ние не ќе можеме да ги спроведеме, ние не ќе имаме образ да излеземе пред народот и не ќе можеме да ги браниме тие решенија и да држиме до нивното спроведување.

**СТОЈАН АНДОВ: (**Продолжение).

Затоа мислам дека ние набележуваме сега одредени напредоци и доста е напреднато, затоа што мислам во првата фаза во Предлогот за донесување, решенијата беа повеќе замислени само создавање, ефикасно создавање и брзо создавање на приватно стопанство, на приватизација. Помалку се водеше сметка за ефектот на оние кои тоа треба да го примат, да го поддржат, да го спроведат. Но, мислам дека време е сега, еве во нацрт сме, ги видовме тие напредоци до каде отишле, да си провериме уште некои идеи, уште некои аспекти да видиме дали уште не можеме да направиме така, не~да биде со аплаузи и со акаламација донесен законот и спроведен законот, оти таков закон противречно навлегува во живото ткиво на животот на луѓето постојано ќе има некои кои ќе бидат незадоволни, но најголем дел од луѓето да кажат да, таков е историскиот момент, не се може поинаку, се стори што се може. Тоа ако можеме да го сториме, тоа заслужува денес да обавиме широка расправа и таквите идеи да ги изнесеме.

Јас би сакал во врска со тоа да кажам нешто, улогата на државата во Источно - европските земји е знатно поизразена отколку кај нас, во времето на социјализмот. Таму државата на одреден начин може да се јавува како оној посредник кој се јавува и како сопственик на имањето. Меѓутоа, кај нас мислам дека би било назад ако воопшто државни или парадржавни форми се јавуваат како сопственици или фунгираат како сопственици. Затоа, ние треба малку да поразмислиме како можеме на тие институции да им дадеме неутрална улога во целиот процес на приватизација. Зошто? Затоа што мислам дека веќе во тоа самоуправно општество на одреден начин знатно повеќе приватно  чувство имаше кај луѓето отколку во државниот

социјализам. Имаше чувство на приватност кај луѓето. Тоа се изразуваше понекогаш како незадоволство од системот, како она ова, но луѓето чувствуваа и за- тоа и денес чувствуваат дека е тоа нивно. Во одредени сразмери итн. Затоа, мислам дека општествениот капитал кога сакаме да го приватизираме, покрај тоа што ќе изградиме механизми, јас ги гледам како одвоено, тоа е можно да се изградат механизми за ефикасно приватизирање, како претходна фаза треба да видиме дали не можат да се согледаат корените од каде дошол тој општествен капитал и нешто како признание, како компензација на сето тоа да се даде. За да се луѓето чувствуваат учесници во еден таков процес. Велам дека идејата е содржана во Законот, не е идејата туѓа на законот, но да видиме дали уште нешто не може да се направи. Ако го погледнеме нашиот општествен капитал како ентитет денес, ќе видиме дека тој води потекло би рекол од 3 извори.

Прво е од оној дел на капитал што е одземан од поранешни сопственици, со национализација, со разни конфискации, присилни мерки итн. Законот мислам дека оди кон тоа да даде компензација на тие, на тој извор на настанување на овој општествен капитал, кој сега треба да се идентифицира и распореди.

Вториот дел на сегашниот општествен капитал потекнува т.е. е со обврска на оние доверители на банките спрема кои банките имаат одредени долгови и врз основа на што дале пласмани општо во животот, па и во стопанството. Тоа се, се разбира, штедачите, но и странските доверители. Нивни посредник се банките. Ако се случи ние да го приватизираме капиталот општествен, а банките останато оваа дубиоза која ја имаат или без да се најде врска меѓу состојбите во банките и

нејзините обврски према и штедачите и странскиот партнер и ако се угаси секое излезно решение на тој проблем, тогаш ве молам ние ја губиме секоја шанса да имаме стабилна економија. Мислам дека таа врска треба да биде многу појако изразена во Законот.

Според тоа, странските долгови и долговите на банките према приватните лица во земјата мора да бидат многу појасно изразени во Законот и со механизми обезбедени.

Трет извор на настанување на капиталот е работата на сите луѓе што биле во работен однос во периодот *од 1945 година наваму. Оние кои се сега пензионери и оние сега кои активно работат. Јас би рекол тука може да се вгради некој систем на градација. Ние бевме поделени по претпријатија. Претпријатијата едни поуспешно ра- ботеле, други понеуспешно работеле. Па, некои претпријатија користеле рента, сечеле шуми кои не ги посадиле, копале руди кои не ги ставиле таму итн. Тоа е премногу комплицирано да се за секое претпријатие се разјасни. Некои не работиме во претпријатие, работиме надвор од тоа, но сите во овие 45 години, 47 години сме имале интензивна работа и депресиран стандард да се створи тоа што се створи. Сите тоа го плаќаме. И денес сите вработени,и пензионери кои излегле од работниот однос ја сносат оваа криза во која сега се наоѓаме. Затоа, јас мислам дека треба да се поразмисли, во фаза на нацрт сме, не е тоа ништо лошо. Да се поразмисли и за еден малку поинаков приод кој нема да ги оштети инструментите со кои се создава приватно стопанство јас тоа го издвојувам, едно е правата што се стекнуваат, а друго е што се купува како сопственик, односот на купување треба да се сочува Тоа е многу значајна работа. Треба да видиме дали не можеме да го почитуваме ова. Видете, само еден пример, во законот се почитуваат и има одредба:вработените во

претпријатието имаат толку и"толку по- пуст. Не е работата, луѓе, во тие 10 или 20% или 30% да му дадеме на вработените, па тие да имаат предност при купувањето. Работата е во тоа што ако ги почитуваме како вработени, тие нема 70%, немаат 80% да дадат за да ги добијат тие попусти. Во тоа е работата. Затоа е сега многу значајно да видиме дали не можеме да фрлиме уште една светлина на целиот овој процес. Јас пак велам, верувајте, заради ваква или таква законска формула, вакво или такво законско решение ако се случи ние една цела категорија луѓ^ кои имаат сигурно чувство дека имаат придонес во овој капитал кој сега се приватизира, а се изиграни и немаат никакво право во тоа, нема влада, нема партија што може да се правда пред тој дел од народот и пред тој народ. Нема Парламент кој може тоа после да го оправда. Тоа се крупни работи, историски последици. Од тоа ќе има последици и неговиот син, и неговото внучи итн. Тие се многу значајна работа. Затоа велам, а тука нема идеално решение, тоа е сигурно. Пак ќе има некоја грешка,некој просек кој некого ќе го погоди. Затоа мислам дека овие генерации кои ете живееа во овој систем и имаат дел од создадениот општествен капитал работеле, биле во работен однос и треба да не би биле тие вака по список против целата оваа хајка која може да настане против приватизацијата, ние мораме да најдеме начин, не случајно тоа словенците го направија, не случајно Чесите го направија, не случајно Русите го направија да се интегрира и решението со тој систем на ваучери. Тој процес мора да биде сопственост на сите граѓани и најголем дел од нив да го поддржат. Мора да размислиме добро дали ние навистина не можеме дел од општествениот капитал, од вредноста на тој општествен капитал да го поделиме на граѓаните низ системот на ваучери, а да има систем на институции низ кои ваучерите ќе им служат и за купување на акции после итн. и браната сега

од 10'или 20% попуст отпаѓа. Тогаш тој има некоја сума, ќе купи колку што може да купи акции, а не заради тоа што тој нема готово ништо, па не може ни попустот да си го искористи, па ќе оди да го препродава, па ќе се најдат шпекуланти со тоа итн. Затоа, мислам дека е добро ние денес да ги претресиме сите овие работи. Мораме од овој процес кој ќе трае во Републиката и долго ќе остава силен впечаток на целокупниот живот овде кај нас, мораме да направиме процес што можеме повеќе прифатлив и поддржан од населението, од нашите државјани, од оние кои имаат право да ни приговорат кои не сме воделе сметка за тие и тие аспекти. Знам, има нешто во односот со социјалните програми. Има нешто во односот со пензиониот фонд. Јас ве молам, тие аргументи ги знам, меѓутоа, тоа се посредништва на човекот. Тоа државата со своите институции сака да му посредува со она што тој си го чувствува како свое. Свое право го чувствува тој. Може тие такви ваучери итн. да ги отвориме и пензиските фондови, ќе се инвестира и во пензиските фондови, нека и тие бидат рентабилни, на Запад го има тоа. Ние тоа го знаеме. Но, не можеме секаде да нудиме стари решенија со посредништво на државни институции. Каде што можеме во процесот на приватизација низ признавање на правата на луѓето да одиме кон максимум создавање на приватна индивидуа со приватни интереси, лични интереси таму сега треба да одиме. Па тоа ќе настане еден широк процес на приватно стопанство, приватни финансии итн. и нивно движење сосема модерно како што постои. Затоа мислам дека концептот е добар што се однесува за тоа како брзо да се приватизира стопанството. Добар е концептот, во ред е, но се служи со некои институции и некои решенија кои мислам може да се релативизираат и да се направат неутрални, понеутрални, отколку што се сега несамостојни, а да избие во

прв план приватната сопственост, приватниот интерес на сегашните луѓе кои работат, кои се пензионери итн. Тој дел мислам дека не ни е доволно обработен и имаме време јас морам да ви кажам, ако не се успее во месец, нека биде и месец - ипол нека биде и два месеци ако ние поуспешно ги решиме овие работи, крупна работа ќе направиме за целата држава и за сите граѓани и нема нас ништо да не испере ако за тие работи не водиме сметка. Мора да се води сметка за сето тоа.

Според тоа, јас би повторил, мораме да останеме чисти до\крај пред приватните сопственици чиј имот е национализиран и е конфискуван

Мора да се компензира тоа.

Второ, не смеат од овој процес да останат на страна решавањето на долговите во банките кумулирани кои се долгови на претпријатието.

Трето, не смеат да останат надвор од ова личните, приватните интереси на сите вработени и на сите пензионери кои биле вработени во овој период.

За збор се јави господинот Ристо Станковски.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани пратеници, на почеток секако и јас, како и другите претходни дискутанти се согласувам со проценката дека ова е еден од клучните закони и дека ова е тој закон кој што можеби во основа ќе ја измени економската структура на државата и можеби ќе не повлече да тргнеме кон она што викаме некое подобро утро. Она што во овој момент ценам дека би било пожелно да се спомне е пристапот кој е применет при изработката на Нацрт-законот споредено со Предлогот на законот. Имено, моја лична проценка е при претресувањето

на Предлогот за донесување на законот често беше спомнувана онаа дилема дали сакаме правичен закон или сакаме закон што ќе донесе ефикасно стопанство. И тука ценев и тогаш дека овој соодност меѓу правичноста во процесот на приватизацијата и ефикасноста на стопанството, тој однос е обратно пропорционален, така да доколку сакаме брза приватизација би имале понеправеден процес на приватизација и обратно. Додека одиме на поправеден однос, процес на приватизација, би имале ситуација да имаме понеефикасно стопанство. Го ценам тоа што предлагачот на законот во Нацртот си ја прифати варијантата да се оди некако према оваа линија на правичност, најверојатно, од аспект да во суштина не е само проблемот овој закон да помине овде во ова Собрание, туку да овој мора да помине во јавноста и мора во пракса да дојде до негова вистинска реализација. Најголема трагедија би било доколку законот се усвои во Собранието, а во праксата се створат огромни проблеми. А предуслови за стварање проблеми при реализацијата на Законот секако ги има и тоа ги има многу. Затоа, во врска со овој нацрт би сакал и јас некои еве свои забелешки, па доколку предлагачот најде за потребно овие забелешки можеби и ќе ги внесе во Предлогот на законот.

Она што и претходно некој од дискутантите го загатнаа, тоа е еден проблем дали на вработените им следуваат акции и како им следуваат и дали имаат право да добијат со попуст или бесплатно или на кој начин.

Можеби едно од клучните прашања е прашањето чии беа претпријатијата. Ние викавме дека не се ничии, меѓутоа, факт е дека 30-тина години и уставно и во целата пропаганда се викаше дека фабриките

односно претпријатијата се на работниците. Тоа е факт и од тој факт никој не смее да избега. Сега се јавува проблемот како онаа свест што постои меѓу сегашните работници, а тоа е реалност, дека тоа било до вчера нивно, сега да тоа помине дека не е нивно, односно им припаѓа нешто, али тоа ќе видиме дали воопшто и ќе го добијат или под кои услови ќе ги добијат. Сепак, тоа е една крупна трансформација што треба да се створи вогсвеста кај сите, не заради тоа што таков ни е народот, туку заради тоа што така 30-тина години бил и воспитуван, на тој н&чин бил учен, па .дури тоа ми било некакво уставно, загарантирано право дека претпријатијата се на работниците. Во таква, би рекол, психолошка ситуација, би се јавил сигурно проблемот како да дојде до реализација на овој процес на приватизација, доколку самите тие работници не бидат опфатени со тој процес, што всушност би се јавило кај нив, можеби како психолошки ефект дека се обесправени. Стварале, работеле, а не добиле ништо. Нормално, тука се јавува и аспектот, добро ако веќе и добијат вработените, зошто не можат сите. Зошто не можат оние што биле во образование зошто не можат оние што биле во здравство, во органи на управа итн. Можеби и тука има еден одговор што практички овие во здравство, образование итн. имаат некои погодости од оние што работеле во стопанството. Во тие институции на така наречената надградба, факт е дека сигурноста на работното место би била многу поголема. Дури да не речам и апсолутна сигурност. Факт е дека еве во процесот, иако поминавме на еден приличен процес не само на трансформација, туку и на големи крупни проблеми сеуште во тие институции ние немаме практички ниедна институција да отиде во стечај. Ниеден од работниците не отишол на Биро од тие институции. Додека во стопанството тоа го имаме. Огромни фирми отидоа во стечај. Па, практички суштината е во тоа да во стопанството сигурноста за работното место е

многу помала отколку во овие институции и ценам дека тоа би било еден од мотивот тие да имаат некакви можеби поголеми права во однос на другите вработени од така наречените нестопански дејности. Процесот на давање на акциите на вработените го гледам и од еден друг аспект, имено, народски кажано тоа би значело дека тие би добиле некаков капитал, некаква вредност или во крајна линија тоа би биле некакви пари. Бидејќи со процесот на приватизација, општо прифатено е дека ќе има големо отпуштање од работа, државата сакала или не тие пари пак ќе им ги даде на овие луѓе само не директно туку преку социјалните фондови и некои други начини за да ги смири социјалните тензии. Дали е попаметно тие истите пари да ги добијат тие работници сега, па некои од нив со тоа да можат можеби да почнат некоја друга работа можеби ќе им служат како некоја социјала барем во првата година или две додека не помине оној најтешкиот удар кога ќе се јави огромен број на невработени, што е сигурно присутно и реалност така да се случи.

**РИСТО СТРАНКОВСКИ:** (продолжение)

Секако државата. по мои проценки, она што на некој начин можеби им ги дава на работниците сега ќе мора да им ги даде, но на индиректен начин преку неколку социјални програми> што во суштина мислам дека првата варијанта е подобра отколку да ги правиме луѓето социјални случаеви.

Втор момент што можеби е за дискусија доколку и тие работници се здобијат, она што го ценам мислам дек е тема"за размислување и како можна варијанта да се вгради во овој закон е прашањето дали можеме да дозволиме овие акционери да штрајкуваат. Мислам дека во Законот можеби треба да се вгради член дека акционерите немаат право на штрајкови. Тоа никаде во светот го нема газди- те да штрајкуваат. Но, доколку се случи работниците да откупат голем дел од акциите не можат да имаат право да штрајкуваат. Какви се тоа газди кои штрајкуваат. Против кого? Можеби држи во самиот предлог на закон да се вгради и таа одредба. Инаку ќе ни се случи ова што ни се случува денеска. Ние велиме имаме газди, но штрајкуваат. Против кого? Против самите себе. Такви работи не смеат да ни се случуваат понатаму, ако мислиме дека ќе направиме држава, таа ќе функционира инаку тој процес би бил катастрофален ако и понатаму се прифатат такви односи во самите претпријатија.

Исто така еден друг проблем кој мислам дека не беше загатнат е проблемот со земјиштето со кое располагаат овие претпријатија кои ќе одат во процесот на приватизацијата. Имено, кај нас исто така беше едно такво размислување дека најнебитно од се од претходниот систем беше сопственоста. Кога некое претпријатие доби- ваше земјиште тоа го добиваше на користење, не беше во сопственост.

Дали во такви случаеви за земјиште кое е добиено на користење газдата односно купувачот на претпријатието автоматски ќе го добие земјиштето или пак тоа земјиште ќе добие статус дека тој го има на користење. Ако го добиваат земјиштето што значи тоа?, Ако не го добиваат знаете каков е интересот, сум имал искуство од пракса да кажеме странец не може да сфати да ја купи оваа зграда, а земјиштето да не е негово. Заради тоа би требало таа работа да не дозволиме да се решава со некакви упатства или правила, туку да биде вградена во самиот закон, бидејќи би ги одвратиле луѓето и ќе ни сеј јават такви ; проблеми.

Најголем недостиг по мене на овој закон кој мислам дека тешко би можеле да се отстранат е она што цениме сите дека е присутно е проблемот со проценката на капиталот кој процес ќе трае доста време со тоа ќе се оддолжи приватизацијата и проблемот од недостиг на капитал. Исто како проблем е присутен и прашање е дали ќе има некој да го купи сето ова што ќе се понуди на пазарот бидејќи во еден краток временски интервал ќе се понуди огромна стока на пазарот, а што значи тоа од прилика сите знаеме.

Во секој случај мислам на крај дека Нацртот на законот е во прилично подобрена форма во однос на Предлогот за донесување и се надевам дека во крајната верзија кога ќе дојде како Предлог на закон, предлагачот ќе уважи некои моменти кои повеќе би рекол се од аспект на психолошко влијание овој закон да добие широка прифатеност кај луѓето не само во оние структури кои тоа го донеле, туку воопшто кај сите вработени, кај целиот народ, бидејќи само така ќе имаме шанси да дојде до некаква реализација на овој закон бидејќи доколку не дојде до практична реализација на Законот јас не знам кое би било натамошното решение,

Толку во мојата дискусија со надеж дека предлогот на законот ќе дојде многу побрзо отколку што дојде Нацртот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Јован Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Доста беше дискутирано во врска со значењето од донесувањето на законот и што значи самото донесување на Законот, но заради одредена праведност тоа што во Законот не е предложено помеѓу донесениот закон"односно спроведувањето на приватизацијата на капиталот со стариот сојузен закон и новиот закон што се предлага и проценката на вредноста на капиталот што се вршеше по стариот закон со пресметковната вредност и оваа што го нуди моменталната проценка на вредноста мора да има една праведност во изедначувањето на правата при продажба. Што значи дека сите оние претпријатија кои до сега се . трансформираа по стариот закон, а со една проценка на книговодствената вредност со една обезвреднета вредност на претпријатијата тие мора да се валоризираат. Тие акции не можеме, заборуваме цело време за една правичнсот, тие акции не можеме да ги признаеме онака како што се до сега трансформирани. Мора тие да се валоризираат на денешната вредност како што ќе се врши проценка по овој Закон. Сигурно со тоа ќе се добијат одреден дел на средства кои можат веднаш наменски да се применат. Тоа е едно.

Друго, во проценката на капиталот мислам дека проценката за да биде пореална можеме да вклучиме група на луѓе ако треба и експерти од надвор кои веќе имаат искуство во таа проценка за да проценката биде сепак реална. Заради таа реалност за употреба на тие квалитетни средства кои ќе се добијат од продажбата токму за луѓето кои се во работни организации кои не ќе можат да бидат акционери тоа зашто беше зборувано до сега, но ќе можат некои квалитетни средства да бидат обесштетени.

Исто така треба да се размисли, јас не сум економиста, но во разговор со економисти, треба да се размисли за процентот на учеството во акциите на самиот закон, односно во стекнувањето на сопственоста на дел од капиталот во работните организации. Некои сметаат дека 10% е многу и 5% кај големите работни организации ако веќе тој учествува со свои акции во капиталот може да има и сопственост. Затоа што кај големите работи организации, тоа е мислење на одредени економисти, можеби јас немам право толку да елаборирам за ова, но задолжен сум да кажам дека со тоа ќе се даде право што побрзо да се дојде до трансформација на капиталот. Ако чекаме ние 10% да се откупи, тогаш можеби ќе се продолжи самата трансформација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

На ред е г-динот Садику.

**ФЕРИД САДИКУ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Мислам дека ќе се согласите ако речам дека ние како Република Македонија веќе се одлучивме да одиме во чекор движењето во Европа па и во Светот.

Донесувањето на овој Закон, односно Нацрт-закон чиј напор повеќе за суштествено вклучување во процесот на транформацијата и за спроведување на започнатите реформи. Меѓутоа, дозволете да констатирам дека мошне споро чекориме кон потврдувањето на определбата за позабрзано пазарно стопанисување. Други до вчера таканаречен социјалистички свет е отиден на многу подалеку, а како. пример би ги навел Унгарија, Бугарија, Полска и други. Сметам дека ние и до сега бевме поблиски до современите економски системи.

Според тоа, поддржувајќи го Нацрт-законот истовремено се залагам за негово побрзо донесување и стартување со неговата примена.

Се разбира, Законот мора да води сметка за приватноста тие што до сега придонеле за создавање на општествениот капирал ќе мора да имаат соодветна сатисфакција.

На крајот се залагам за тоа истовремено да се изготви методологија за проценката на вредноста на капиталот и за консолидација на агенцијата за која почестопати беше нагласено тука.

Но, на крајот би рекол за да се заокружи работата • околу сите овие системски закони кои се на ред, предлагам што поскоро пред нас да се најде и Законот за денационализација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Иванов.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас мојот дел од дискусијата потполно ќе го скратам затоа што пред мене многу дискутанти ми ги одзедоа мислите посебно претседателот на Собранието и веднаш да кажам дека ние со овој Закон некако создадовме

една еуфорија, создадовме едно мислење, создадовме еден резон дека со донесувањето на Законот за трансформација на капиталот ќе ги разрешиме проблемите и се некако ќе тргне во правец на оформување на пазарната економија, на подобрување на економските состојби.

Јас би рекол дека со донесувањето на Законот ваков каков што го предлагаме тој е голем чекор напред отколку што беше пред Нацртот, меѓутоа, дури по него ќе удледат огромни проблеми пред нас. Проблемите ќе бидат и од економски, политички, социјален, безбедносен карактер ако навистина во правецот во кој зборуваше г-динот Стојан Андов некои работи не ги поставиме и таа приватизација ја засноваме на една правичност, приватизација која на некој начин ќе ги задоволи воглавно потребите на сите граѓани, а посебно имајќи ги предвид оние кои активно учествувале во создавањето на тој капитал.

Точно е тоа дека ние 40 и неколку години формиравме една свест кај нашите работници, кај оние кои директно работеа во сферата на производството дека тие се сопственици на фабриките, рудниците, материјалното богатство и дека денеска било какви промени во тој поглед , јас и минатиот пат говорев за тоа, ќе предизвикаат крупни реакции кои можат да нанесат многу поголема штета отколку корист.

Бидејќи беа речени доста работи во самиот закон, јас би рекол за најидеалните судови на приватизацијата која се прави во Германија со какви проблеми се судира, па оттука може да се види со што се"ние можеме да се сретнеме. Вие знаете во 1990 година се спои Западна со Источна Германија. Западна Гeрамнија која има стопански систем кој базира на долгорочна пазарна економија на  цврсти.. законски системи каде е

доминанта приватната сопственост и оној социјалистички економски систем на Источна -Германија кој ги носи сите белези на социјалистичките системи кои беа во Источна Европа. Веднаш да ви кажам дека Источна Германија имаше еден од најсилните економски просперитети, таа некаде по сите критериуми беше на 10-то место во Светот по економскиот развој. Од друга страна имавме еден економски џин, тоа е Западна Германија и сите мислења дека таа приватизација може да е направи за многу кратко време затоа што Западна Германија располага со таков капитал и така развиени организации со висока технологија, со високи профити компании кои располагаа со огромен капитал, разигран банкарски систем и дека тоа може да се направи за 3-4 месеци да се разреши трансформацијата на капиталот во Источна Германија создаден од \ социјалистичкиот период. Видете, од 1990 година речиси 2 полни години Германците и покрај огромниот потенцијал не успеа да го трансформира капиталот од Источна Германија. Тие трансформира некаде околу 50% од организациите, а денеска од 2 до 3 илјади организации сеуште не се трансформирани при што некаде само околу 600 организации дефинитивно е решено да се затоврат, а за близу 2 илјади и толку организации сеуште не можат да најдат купувач и сеуште не можат да најдат решение за трансформација. Тоа е многу карактеристично целата таа трансформација се обавува со компании од Западна Германија. На пример во хемиската индустрија доминантни се само БАЕР, БСФ:_и ХЕСТ, а ги нема никаде оние големи компании од Америка како што се Дипон, Абџон, големи компании од Англија како што е Ајсјај итн. Ако Германците 1948 година со Маршаловиот план дозволија да влезат странски компании и да ја развијат Западна Германија денеска на еден многу деликатен начин тоа не го овозможуваат, па спрема тоа и нашите

очекувања дека некој ќе дојде од страна па да направи откуп, дека ќе вложи средства, дека ќе ги купи нашите организации е илузорно, имајќи ја предвид целокупната наша состојба и затоа во тој поглед мислам дека многу можат да направат овие организации кај кои е веќе извршена трансформацијата.

Јас сум за тоа имајќи ги предвид сите тешкотии, некој рече овде дека во голема мера е направена приватизација на капиталот во Бугарија. Бугарите донесоа закон, но ни за јота не се мрднати, ништо не е приватизирано во Бугарија. Во Унгарија приватизацијата е направена на угостителските објекти, на одредени енергетски извори. Во Чешкословачка вие знаете што се направи со "Шкода" какви реакции се создадоа. Во Унгарија исто така неколку фабрики се купија па се затворија токму заради тоа да нема конкуренција.

Сакам да кажам дека проблемот со трансформацијата е многу сложен и мора да се седне да се проучи, да се вклучи науката. Овој Закон што ни е поднесен е еден школси пример на трансформација на државен капитал во приватен. До сега и науката и теоријата не познаваат случај на трансформација на општествен капитал во приватен и затоа се целокупните проблеми што се јавуваат оти немаме претходно искуство да користиме во тој поглед, но затоа треба да се повика и праксата и науката на помош да се идентификува тој капитал, да се направи праведност во учеството на граѓаните и на оние кои учествувале, ова за што зборуваше Стојан Андов јас би рекол мора да се идентификува капиталот што е создаден од оние кои активно учествувале во работните организации.

Ние не треба да брзаме со донесувањето на овој Закон, туку упорно да работиме на модалитети и решенија кои ќе бидат најправедни и во тој

поглед предлагам да отвориме широка јавна расправа да се вклучи и науката и праксата и да се понудат решенија кои ќе бидат најприфатливи, да не брзаме со донесувањето на законот кој може да ни предизвика огромни проблеми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, трансформацијата на капиталот претставува економска револуција која треба да се утемели врз демократски принципи.

Трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал претставува прв драматичен чекор во новите стопански односи со кои се овозможува Републиката да се оттргне од досегашното стопанско гето, меѓутоа, ова може да биде воедно голем стрес ако недоволно подготвени влеземе во трансформацијата на капиталот.

Според мене, Нацрт - законот за трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал дава појдовни основи и претпоставки за преструктуирање на стопанството кон пазарната економија односно да се создаде ефикасна економија на начин кој со оптимална комбинација на сите вложувања во производството ќе се произведуваат стоки и услуги кои по квалитет и цена ќе одговараат на барањето на пазарот што покрај другото ќе настанат коренити промени и во начинот на управувањето и раководењето со претпријатијата.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ**: (Продолжение)

Како што е познато овој закон, односно Законот за транс- формација на претпријатијата со општествен капитал е во фаза на нацрт , што значи дека имаме сеуште време сите субјекти да дадат свој придонес кон усовршување на овој Закон, меѓутоа морам да истакнам дека не можеме да очекуваме дека ќе донесеме идеален закон. Идеален закон нема. Меѓутоа истиот ќе мора перманентно да се доизгради со текот на времето, онака како условите ќе диктираат. Впрочем, на ова ни укажува и праксата на најразвијните земји.

Во Нацртот на законот, членот 3, трансформацијата на општествениот капитал не се врши во претпријатијата што со Закон и со Одлука заснована на закон е утврдено дека вршат работи и дејности од посебен општествен интерес, односно јавна служба или имаат статус на јавно претпријатие и претпријатијата и други правни лица што стопанисуваат со води, шуми, земјиште, станови и претпријатијата за игра на среќа во општествена сопственост. Ова го истакнувам од причини што овде треба да се имаат предвид и објекти финансирани со средства од месниот самопридонес на граѓаните, како што се спорт- ски објекти, задружни домови инт.

Каско што е познато, после ослободувањето низ целата република се изградени задружни домови).и објекти со месен самопридонес на граѓаните а ги користеле земјоделските задруги кои што со текот на времето, истите се пререгистрирани во претпријатија што вршат промет на големо и мало. Истите се сега предмет на трансформација.

Во овој дел има големи реакции на некои месни заедници овие објекти да не бидат предмет на трансформација, пред се, кога тие се градени на приватни земјишта, а дел од нив се градени и на општонароден имот. Затоа предлагам предлагачот ова да го има предвид при изготвувањето на Предлогот на законот.

На некој начин ние ја остваривме јавната расправа до оваа фаза. Пред нас се и предлозите и мислењата на Стопанската комора и на Советот на Сојузот на Синдикатите на Македонија. Од тие предлози и мислења се стекнува впечаток дека тие сакаат и понатаму да го задржат поранешниот статус. 50 години го испробавме работничкото самоуправување и резултатите се евидентни. Положбата во која се наоѓаме сите ја чувствуваме на своја кожа, токму поради тоа што не се знаеше сопственоста. Со овој закон се настојува да се знае сопственоста, односно да се определи истата. Меѓутоа, она што е конструктивно и она што е во духот на пазарното стопанисување, дали тоа го предлага Стопанската комора или Синдикатот, Владата мора да гиземе предвид, па затоа и дел на забелешките на Комората и Синдикатот сметам дека треба да најдат место во Предлогот за законот.

Со оглед на тоа што може да има одредени социјални тензии со примената на овој закон, мислам дека во почетниот период одредбите на овој Закон треба да ја имаат предвид и социјалната компонента, кое нешто го има и во овој Нацрт на закон, меѓутоа, дали е тоа доволно, времето ќе покаже.

На крајот, збор- два околу постапката за донесување на Законот. Ние се определивме за редовна процедура, за три фази. Тоа е добро што така одлучивме. Меѓутоа, времетраењето на овие фази е долго и не треба да го одолговлечуваме донесувањето на законот пред се кога се знае дека нашите соседи се доста понапред од нас на овој план, што не значи дека тие го заокружиле овој процес. Меѓутоа, таму овој процес постојано се надополнува. Во услови кога имаме хаос во стопанството, што се заканува да прерасне во тотален колапс, не ни преостанува друго туку што побрзо да го донесеме овој закон кој што во светот се покажа како успешен, но со меѓувремено донесување на другите придружни закони што беа спомнати. -

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господин Младенов.

Меѓутоа, јас би го замолил господинот Младенов, да почека, сакам да предложам да дадеме пауза за ручек па потоа да продолжиме со работа. Нема смисла за оваа тема да имаме така бедно присуство.

Дали се согласувате. (Се согласуваме)

Господинот Младенов ќе добие збор веднаш по паузата. За оваа тема е неодговорно да имаме само 40-тина присутни пратеници.

Ќе продолжиме со работа во 14,30 часот.

( По паузата)

Седницата продолжи со работа во 15,00 часот

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

За збор се јави господин Ванчо Младенов.

Во меѓувреме да ве информирам дека ви е упатен еден повик од Друштвото на екологистите и еден нивни леток. Молбата е со внимание да се прочита.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници.

Законот што денеска е на расправа пред собранието на РМ е во процедура веќе неколку месеци, како што кажа министерот Миљоски од април 1992 година. Во текот на времето додека тој се наоѓа во собраниска расправа, како што се договоривме, во сите три фази, како предлог за донесување, еве сега во фаза на Нацрт, лично мое размислување е дека имаше доволно време барем за оние кои навистина почувствуваа потреба

да дојдат до текстот на овој Закон за да можат да го согледаат, прочитаат, направат напор да дадат свои конструктивни забелешки.

Во текот на овој период, овој Закон од една целосна поддршка која му беше досега искажана од поголем број сограѓани, дојде до целосно негирање односно неприфаќање на содржината и значењето на самиот проект за трансформација на општествениот капитал во нашата држава.

Мислам дека е ова еден од законите што токму ќе го означат карактерот на општеството кон кое се стремиме, кое сакаме да го постигнеме. Отука, мислам дека овој Закон заслужува големо внимание, меѓутоа исто така сум убеден дека било која содржина да ја има, не би можел да добие епитет дека е најдобро решение бидејќи најдоброто решение во практиката и не е можно да се реализира.

Искуство во оваа насока не е можно да се црпи, а исто така одредените текови што се веќе познати надвор од нашата земја, во светот мислам дека не е позитивно да се применуваат, бидејќи во секоја средина треба одредени прашања да се решаваат токму на специфичен начин, прилагодени кон средината на која се однесуваат.

Се поставува основното прашање што треба да направиме овој Закон да заживее, односно да не претставува, како што тоа се однесува за голем број закони и законски проекти да останат само слово на хартија. За да може овој закон навистина да биде применет во практиката и што побрзо да дојде до негова реализација, основно правило што треба да биде постигнато е да со него се постигне што е можно поголема правичност. Правичност, пред се во определувањето на правата вредност на општествениот капитал со кој располага сега нашата држава и подоцна неговата распределба односно утврдување на титуларот на таа сопственост.

Во оваа втора фаза, што на одреден начин може да се каже дека изминува, како и во првата, беа понудени одредени решенија- Првичните решенија претрпеа одредени корекции, се со цел да се дојде до она решение што за наши услови би можеле да го наречеме дека е најправично за овие моменти.

Токму од таа причина и јас сакам да дадеме одредени придонес за да може овој Закон, за што со сигурност можам да кажам дека со голема желба се очекува од стопанството на нашата држава така и од сите граѓани, бидејќи заинтересираноста е од сите подеднаква, и од оние кои се моментално во работните организации односно претпријатијата кои, на некој начин, како што беше и порано истакнато, се чувствуваат како одредени сопственици на таа имовина и оние кои се заинтересирани, имовината што во овие моменти навистина можеби не е во функција или не е до таа мерка до која може да биде, имаат мерка токму тој капитал односно таа технологија, тие средства ги стават во функција за да можат да дојдат, пред се да го покријат својот личен интерес и да се дојде до профит односно средства со што ќе можат и тие да егзистираат и го подобруваат својот сопствен стандард, а истовремено и стандардот на нашата држава како целина.

Во секој случај, основно е она што на повеќе наврати беше кажано, да се постигне целосен консензус односно да добие овој законски проект поддршка од сите, за да може да се пристапи кон негова практична реализација.

Моја оценка, за да се дојде до една ваква состојба, мислам дека навистина ќе треба да се вложи доста напор околу определување на вистинската вредност на капиталот со кој располага сега нашата држава, а рековме и нормално е, веројатно тоа ќе го каже самиот пазар што на некој начин треба да се оформи, а она другото за што сакам да дадам свој придонес и мислам дека покрај ова првото

е уште поважно, практично каде и кој ќе биде носител на средствата што треба да се добијат од трансформацијата односно продажбата, поедноставно кажано на тој капитал.

Јас се залагам за едно решение во кое, според мое размислување, мислам дека сите ќе се најдеме во него, а тоа практично треба да претставува и придонес кон прифаќање на овој закон.

Јас сум еден од оние кој навистина се залагам, оние кои често пати кажуваме дека на некој начин директно го имаат сворено овој капитал со кој што располага нашата држава, бидејќи мислам и ја подржувам таа оценка и размислување бидејќи нашата држава по, да не речам ослободувањето, навистина беше доста заостаната, пред се аграрно подрачје и со одреден степен на развој на трговијата, додека индустријата и сето она што на некој начин претставува технологија за наши видувања е сепак произведено односно создадено, јас не би рекол ниту после145 година, туку после шеесетите години поинтензивно почнаа да се градат индустриски објекти во кои практично најдоа вработување поголем број наши граѓани.

Оттука со право може да се каже дека оваа сопственост со која располага државата е навистина резултат на генерациите кои се на определен начин или уште во претпријатијата или се скоро отидени во пензија или да не речам сеуште во живот, така што моја оценка е дека нивните барања треба да бидат на определен начин задоволени, со тоа што мое размислување е, барем 10% од проценетата вредност на тој капитал да биде издадена во бесплатни акции, пред се на вработените во тие претпријатија и на оние кои заминале во пензија од тие претпријатија, со тоа што критериумите околу висината на акциите со кои ќе учествува секој работник односно пензионер, да биде врз основа на неговото учество, односно преку платата, личниот доход што го примал во тие претпријатија и времето на неговото работење во тие претпријатија. Со тоа што тие акции

на некој начин не би требало да претставуваат единствена цел, да имаат единствена цел да учествуваат во управувањето на тие претпријатија. Напротив, мислам дека таа цел не треба да биде толку значајна отколку тие работници да имаат веднаш можност акциите да ги продадат и ги дадат на оние во тоа претпријатие или надвор од тоа претпријатие кои се навистина заинтересирани тоа претпријатие односно тој капитал и таа технологија со која располага тоа претпријатие веднаш да биде ставена во функција за што е можно поголемо производство, за производство на нови производи, воведување. нова технологија за да може да се прошири пазарот на кој делувало тоа претпријатие до тогаш. Практично, по мое кажано на некој начин што поефикасно да се дојде до мотивираност за работа, за производство, за создавање нова вредност со која на некој начин ќе се подобри пред се стандардот на самите вработени во тоа претпријатие и на оние кои сакаат да бидат, да не речам дефинитивни титулари на таа сопственост во тие претпријатија.

Другата десетина од вредноста, се согласувам како што е овде предвидено во Законот во член 24, исто така да биде поделена на оние во работен однос во тие претпријатија и пензионерите со попустот предвиден овде. Јас не би се залагал, како што имаше одредени предлози да биде во зависност од годините на работа, по 1% за секоја година. Можеби и решението понудено во Законот може да биде така прифатено.

Третите 10%, според моја оценка, до колку сакаме да бидеме успешни во целта која ја реков дека сакаме да ги оспособиме постојните претпријатија да бидат што поскоро во функција, бидејќи веќе често пати е изнесен податокот во овој Парламент, дека сегашниот обем на физичкото производство е драстично опаднат, некаде 30, некаде 40 а некаде над 50%, велам за да може сето тоа да биде ставено во функција, сигурно дека

огромниот технолошки или работен вишок или вишок на работници во тие претпријатија треба да биде на некој начин ослободен за да може да се создаде простор за оние кои навистина можат да бидат ефикасни и активно активирани во технолошкиот процес, да не бидат попречувани од тие кои немаат можност да бидат ангажирани, да бидат ослободени и пренесени на Заедницата за вработување, но со тоа таму да имаат одредена сигурност, односно да можат да бидат материјално обезбедени за да можат тие со нивната фамилија да не бидат доведени до работ на егзистенцијата.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Предлагам 10% од вредноста на сегашната вредност на тој капитал да биде пренесена на заедниците за вработување за згрижување на оние работници кои во прв момент ќе останат без работа во постојните претпријатија. Тоа практично досега е 30% од вредноста што на некој начин се распоредува по овие основи. 15% од сегашната вредност на тој капитал по мое размислување, како што на некој начин е предложено и во самиот Нацрт на закон треба да оди во пензискиот фонд како вредност, како готови пари со кои веднаш пензискиот фонд ќе може да располага и на некој начин да се создадат услови пензиите на оние кои на некој начин го заслужиле тоа со своето досегашно работење да можат еднаш за секогаш на време да ги примаат, а не со огромни задоцнувања, со што инфлацијата ги подјадува и така нивниот стандард на некој начин се повеќе и повеќе е загрозен. Другите 15% исто така да се доделат на пензискиот фонд меѓутоа со акции со кои он ќе може да учествува во понатамошната, распределба на профитот, односно дивидендата од работењето на тие претпријатија и по тој основ перманентно да го финансира пензискиот фонд со кој понатаму ќе се подобруваат можностите за редовно исплаќање на пензиите на досегашните и идни пензионери. Тоа е, ако некој следеше практично 60%. Останатите 40% да бидат на располагање на Агенцијата која ќе ја врши функцијата на трансформацијата на општествениот капитал со тоа што превасходната цел на тие 40% како средства, како пари да бидат наменети пред се за исплата на странскиот долг на нашата држава и за подмирување на девизните штедни влогови на граѓаните кои и до ден денес останувaат без нивно решавање. Мислам дека ова е значителен дел на средства кој може во овој момент да биде како една појдовна основа за решавање на овој така значаен проблем во нашето општество.

Понатаму, доколку останувaат средства да се предвидат за оние други намени што на некој начин и Владата, односно предлагачот на законот ги има усмено предвид во самиот текст на законот.

Ова се на некој начин, по мое размислување едно правично распределување на сите тие средства и еден услов со кој мислам доколку така се постапи и пристапи кон решавањето на оваа проблематика за мене претставува една сигурна гаранција дека овој закон навистина ќе биде прифатен од сите граѓани на нашата држава и ќе имаме можност да бидат задоволени сите интереси, а тоа е како што реков гаранција дека можеме да постигнеме еден предуслов дека овој закон навистина ќе најде една брза примена во практиката. Инаку, вака како што е сега дадено како текст може да се каже со одредени резерви дека сепак претставува една теоретска искажаност, бидејќи никој од нас не може да каже дека во практиката било кое од овие решенија што сите ние ги предлагаме со сигурност ќе дадат позитивни резултати. Навистина мораме да бидеме малку самокритични, да признаеме дека секој од нас зад секое решение стоиме, односно тргнуваме од местото и улогата која ја имаме сега во општеството, односно државата и од тој аспект практично ги предлагаме и решенијата што секој од нас мисли дека се најприфатливи и најреални. Меѓутоа, сепак мислам дека оние решенија кои на некој начин произлегуваат од луѓе кои биле во практиката, во производството, таму каде навистина се создава капиталот и каде има можности да се создава новиот капитал, треба да бидат односно да имаат предност во нивните предлози во однос на оние кои се засноваат исклучиво на теоријата, на она што јас често пати го употребувам како кабинетски решенија кои навистина немале можности да бидат проверени во практиката, а сега во овој момент мислам најпотребно ни е да нудиме решенија практично применувани.

Еве тоа се на некој начин мои размислувања што би сакал предлагачот на дефинитивниот текст на законот кој исто така јас се залагам колку е можно да биде што побрзо дојден пред овој Парламент на усвојување, а не би се согласил, иако ги ценам и респектирам сите предлози поготово дадени од Стопанската комора и од Синдикатот дека е потребен и одреден временски период за главна расправа. Навистина ова е една работа на оценка и на овој Парламент, а лично мое размислување е дека навистина оние кои што беа од се срце на некој начин, да не речам, загрижени за содржината на овој закон, мислам навистина имаа можности своите конструктивни забелешки да ги дадат и сега сите заедно да се заложиме овој текст навистина што побрзо да ја добие својата конечна физиономија и да биде практично применлив.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Добро е што денес можеме да расправаме за овој Нацрт закон за трансформација на претпријатијата со општествен капитал со сите сугестии, предлози и мислења што досега произлегоа од расправата што се водеше по повод Предлогот за донесување на овој закон.

Овде слушнавме најразлични видувања. За некои сметаме дека се прифатливи, други не и тоа е добро што има најразлични мислења и видувања. Во тој контекст за мене посебно е значајно што овој закон претставува добра прилика да кажеме нешто повеќе не само за законот општо туку и за целокупната моментална стопанска состојба во Републиката, бидејќи ние и не можеме да зборуваме за овој закон без да зборуваме за кризните состојби кај нас и патиштата за излез од тие кризни состојби. Во овој момент ние мораме да кажеме дека Нацрт-законот, ваков каков што се нуди треба да претставува надеж за Македонија. Меѓутоа

таквата надеж ние не можеме да ја согледаме само преку овој закон, бидејќи колку е значаен овој закон толку се значајни и другите закони што се сврзани со приватизацијата. Затоа мислам дека голема лага ќе биде ако во овој момент некој не уверува дека трансформацијата и приватизацијата на капиталот може да се врши во овој момент кога знаеме дека до крај се затворени сите славини за добивање на меѓународните кредити и вложувањата на странскиот капитал. Згора на тоа сите знаеме дека Македонија и натаму се наоѓа под нафтено ембарго, прометна изолација меѓународно непризнавање, блокада итн. Ние мораме да кажеме дека крајно е влошена стопанската ситуација во Македонија заради ескалацијата на меѓународните санкции. Ние не можеме да зборуваме ни за пазарните движења, ни за економската стимулација туку на состојба за хиперинфлација што се посилно не притиска. Отворено треба да кажеме дека нашата економска политика нема поддршка од службените меѓународни институции. Таквата стопанска политика каква што сега ја води македонската Влада е неприфатлива ни за светската банка ни за Европската банка за обнова и развој ни за ММФ, ни за Европската инвестициона банка ни за Бундест банката итн. Мислам дека причините за таквата состојба не треба да ги објаснуваме бидејќи сите добро знаеме, а уште подобро ги знаат и нашите стопанственици, а тоа е опаѓање на производството, опаѓање на извозот, увозот расте, не се остваруваат изворните фискални приходи и од примарната емисија се покрива јавниот сектор, не може да се покрие монетарниот дефицит итн. Во овој момент отворено треба да кажеме дека нема приватизација ни трансформација без средства за преструктуираше на стопанството, а нема средства за таа цел и не ќе може да има бидејќи кај меѓународните институции постои блокада и ние не можеме да добиеме никакви странски кредити ниту пак можеме да ги

користиме фондовите на ЕФТА. Не можеме да ги користиме ни наменските кредити од земјите на групата 24 од Европската заедница и слично. Сите знаеме дека за секој таков кредит потребни се конкретни проекти со сите перформанси од профитабилноста односно Тисибилити студии со сите други нужни предуслови за да биде усвоена една таква програма. Без сите тие предуслови нема приватизација ниту пак можеме да најдеме излез од кризата во која се наоѓаме. Треба да ни биде јасно дека нема приватизација затоа што доцнат сите други законски мерки со кои коренито треба да се иземнат пазарните основи што го налага стопанството не само кај нас туку и кај другите земји кои се соочени со. проблемот на трансформацијата, реструктуирањето или приватизацијата на капиталот.

Ние не можеме да зборуваме за приватизација без нов правен систем по примерот на европските земји. Покрај оние закони што се наведени во образложението на Нацртот јас се спомнам дека приватизацијата е неможна без новите закони за регулирање на трговското право кое треба да се регулира врз нови основи, без новите закони за даноците на концесии, без новите закони за сопственичкиот недвижен имот. без законите за сметководствениот систем, без законите на сите видови финансиски посредници, без законите со кои ќе се дозволат сите видови на трговија со вредносни хартии итн. овде да не го спомнувам законот за денационализацијата кој исто така е од посебно значење.

Сеуште кај нас не е донесен законот за хипотеката што од памти века е познат како најпримитивен облик на гаранција на кредити. Не е трансформирана СОК која моментално не е во состојба да одговори на современите барања за стопанисување, а посебно во услови на трансформација на капиталот итн.

Ако сето тоа ние навремено го направиме мислам нема да можеме да зборуваме за основните предуслови за приватизацијата и реструктуирањето на капиталот. Ние сеуште јасно не сме го избрале ни моделот за приватизација, како што тоа јасно го направија некои источни земји, определувајќи се на кој начин и како ќе ја вршат приватизацијата. Тие јасно се определија во однос на малата и брза приватизација, но исто така добро ја проучија и големата
приватизација. Ние не сме во состојба да ги следиме нивните искуства во процесите на приватизацијата бидејќи кај некои понапредни источни земји како што е тоа познато постои државен капитал кој се претвара во приватен, а кај нас општествениот капитал сеуште е титулар. Кај нас сеуште општествените претпријатија се ничија и сечија сопственост. Од тие причини нагласуваме дека не е потребен само овој закон за приватизација туку и утврдување на многу други закони и законски акти со кои треба цврсто да се утврдат и роковите за етапното реализирање на фазите на трансформацијата на општествените претпријатија. Според тоа за нас и натаму најголем проблем останува напуштањето на т.н. општествена сопственост. Таа сопственост кај нас сеуште е во рамките на оној модел чии темели се поставени врз правната теорија на Хрушчов и неговото време со цел да се прикрие сопственоста на средствата за производство и верно да и се служи на владејачката партија, а со тоа да се симне и одговорноста за анархијата и грабежот. За жал не сме далеку поместени од тој модел. Сведоци сме што се прави со т.н. општествена сопственост: грабеж, општ хаос итн. Затоа ние мораме еднаш за секогаш отворено да кажеме дека ни бившиот СК ни сегашниот СДС и партиите што произлегоа од поранешниот социјалистички сојуз и СК не можат повеќе да се декларираат како наследници на т.н. општествен капитал и кој повеќе не може да биде сечии и ничии што секого ограбува без некој да биде

одговорен за тоа. Ако тој народен имот, имотот што им припаѓа на сите граѓани, ние конечно мораме да го заштитиме. Тоа мораме отворено да го кажеме. Повеќе пати сме зборувале дека е крајно време тој капитал треба да се стави под контрола на државата, но тоа сеуште не се прави. Затоа ние мораме час побрзо да создадеме правна држава која за жал сеуште не се прифаќа од нашите политички противници и поконкретно од партиите на левиот блок.

Јас мислам, додека не ја направиме државата, а уште по- малку правната држава, додека не се покаже спремност за поделбата на власта со партиите што се со поинакво политичко уверување, ние во стопанството па ни во другите сфери на животот не можеме да постигнеме никакви резултати ниту пак можеме да излеземе од слепата улица во која се најде Македонија и до која не доведе актуелната политика на постојниот државен врв.

**ДРАГИ АРСОВ:(**продолжение)

Сигурно дека мирот е потребен, тоа никој не го оспорува. Но не е доволен било каков мир , бидејќи за живеење во мир потребен е и леп. Од тие причини ние мораме да покажеме дека сме спремни да го браниме тоа што го имаме и тоа што досега сме го оствариле. Тоа ќе го браниме и одбраниме ако ја градиме државата. Затоа предлагам напоредно со овој закон Владата итно да ги подготви и сите други закони неопходни за ефикасна приватизација, за онаа приватизација која што ја сакаме.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, денес имаше доста дискусија околу овој Нацрт на закон, па и јас ќе се обидам да дадам свој мал придонес.

Прво, во член 1 став 3 од Нацртот на законот е предвидено во својство на купувач да може да учествуваат и странски лица во согласност со овој закон, како и закон за странски вложувања. Оваа регулација според мене е исправна, меѓутоа, она што сакам да го потенцирам е прашањето да судбината што ја следи овој закон не ја следи и законот за странски вложувања, кој како што ни е познато иако е даден како материјал сеуште не е во процедура за усвојување.

Второ, според член 6 од Нацртот на законот предвидено е што претставува општествен капитал дефинирајќи го истиот како разлика меѓу вкупната актива и вредноста на обврските на претпријатието вклучувајќи ги и обврските кон правните и физичките лица, врз основа на нивните трајни влогови во претпријатието. Веднаш да кажам дека јас се залагам за вршење на точна валоризација на општествениот капитал и точно одредување на одделните во формирањето на истиот. Според мене во

формирањето учествувале општеството во поширока смисла и вработените Прашањето што го иницира е поврзано со методологијата за утврдување на вредноста на општествениот капитал, поради што сметам дека е нужно на ова прашање да се посвети поголемо внимание.

Трето, со член 23 од Нацртот се регулира правото на купувањето на општествениот капитал под повластени услови. Предлагам покрај наброените повластувања да се даде можност и на другите работници кои работеле во тие претпријатија макар и една година, иако сега не работат таму да може да ги уживаат повластувањата во купувањето на акциите.

Четврто, одредбите на член 3 9 го регулираат начинот на трансформацијата на малите претпријатија. Јас не се согласувам со начинот како се вршеше трансформацијата досега без да се даде ни еден динар ќеш. Трансформацијата ја сметам за исправна само кога акциите ќе се купуваат со готовина, а не само фиктивно.

Петто, со член 46 се регулира продажбата на претпријатија Се залагам со истиот член да се воведе одредба која ќе му даде предимство на јавното наддавање и со прибирање на понуди, а само изнимно да може со непосредна спогодба како би ги избегнале можностите за малверзации.

Шесто, не се согласувам со определбата од членот 49 договорот за продажба на претпријатието со купувачот да го склучува Агенцијата. Сметам дека тоа се коси со член 14 каде што е предвидено одлука за трансформација да донесува органот за управување на предлог на работоводниот орган. Еден донесува одлука, другиот го потпишува договорот. Мислам дека тука нешто не е во ред.

Со ова и јас се приклучувам кон групата на пратеници кои не ја поддржуваат определбата што на Агенцијата и се даваат големи права и сметам дека тие треба да се редуцираат. Слично е и со член 59 од Нацртот.

Седмо, поставувам прашање до предлагачот кои се при- чините што се ограничува закупот да биде не подолг од 7 години.

Во секој случај иако касниме со неговото донесување Нацртот чини голем чекор напред и дава решение како да ја надминеме неповолната состојба. Според мене тоа особено го чини со тоа што дава можност за трансформација и на претпријатијата во стечај.

Се залагам и за тоа Нацртот да биде во јавна расправа колку што е предвидено месец дена, бидејќи колку и да се трудиме тој нема да биде совршен. Битно е да го продолжиме процесот, бидејќи во тој правец многу касниме. Касњењето во претпријатијата создава доста потешкотии. Такви потешкотии имаме и ние во нашата општина. Кога можевме едно претпријатие кое е во тешката состојба да ги надмине состојбите, ама не можевме заради тоа што немаме законски решенија. Ни се нудеше помош во долари да се надмине таа ситуација во текстилниот комбинат, но не можевме да ги прифатиме, затоа што немавме законски решенија.

Практиката односно искуството што ќе го стекнеме ќе ни овозможи истиот да го доусовршиме и инволвираме.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Оваа тема со право побудува една широка дискусија кај сите нас пратеници во кои беа кажани доста добри сугестии од повеќе пратеници. Мислам дека посебно беше впечатливо искажувањето на неколку колеги без да правам некој коментар, меѓутоа, мислам излагањето на претседате-

лот на Собранието за мене наметна повеќе прашања за размислување, па во смисла на се она искажано и како аспект на повторување и преиспитување, а со цел да му дадеме една посериозна димензија се одлучив и јас да кажам мои видувања , кои можеби ќе бидат на некој начин и повторување на одредени веќе искажани работи, а од друга страна и извесни проширувања. Притоа сакам да укажам повеќе принципиелно на следните прашања.

Несомнено јасно е дека со донесувањето на Уставот и со определбите кои што ги содржи тој како граѓанско општество со пазарна ориентација, со посебно место на сопственоста бара една по- натамошна трансформација на така затечената категорија и наречена - општествена сопственост.

Исто така, го делам мислењето дека оваа работа претставува една многу одговорна, осетлива недобро јасна и издефинирана задача која што бара еден многу сериозен пристап од причина што таа со себе треба да предизвика едни радикални промени од кои практично зависи и понатамошниот развој на нашата нова држава, како и понатамошниот економски развој и материјална моќ. Секако и од понатамошниот исход за нејзино опстојување.

Процесот што е веќе започнат односно побуден и кој веќе можам слободно да кажам, од него се чувствуваат одредени почетни квалитетни промени пред се во однесувањето према средствата и нивното управување сеуште се во една почетна фаза која бара еден грижлив однос, фаза која во никој случај не смее да биде сопрена и покрај бројните дилеми кои со право се поставуваат од повеќето чинители во нашата држава. Ова е дотолку поважно и значајно што тој процес е една неминовност и процес кој треба да има само дилеми во смисла во смисла на неговото што пообјективно и правично разрешуваше на самиот циклус или процес на трансформација, а

никако на повторно преиспитување дали тоа е правиот пат и дали со тоа не правиме погрешни потези во развојот на нашата држава..

Затоа, природно е и оправдано да треба да се поддржат ваквите процеси , секако многу внимателно и во контекстот на пошироките интереси и напори за тражење на поефикасни решенија со кои ќе се дојде побрзо до трансформацијата со која граѓанинот и работникот ќе биде што подобро стимулиран како политички субјект, така и субјект и непосреден креатор во понатамошниот развој на државата. Хендикепот е што овој процес го оствaруваме во многу неповолни прилики. Пред се мислам од повеќе аспекти, како од аспектот на политичката клима, немањето на заокружен економски систем, неповолните економски состојби, присутните тензии кај граѓаните и работните луѓе, а посебно и во неповолноста на нашето опкружувањето, а секако почитувајќи го елементот на сеуште непризнаениот правен меѓународен субјективитет на нашата држава. Заради ова мора сите елементи да бидат земени предвид во делот на размислувањата и напорите и барањата на поправични решенија, секако со едно пошироко разбирање и трезвеност во пристапот и во бирањето на самите решенија.

Задржувањето на тој процес мислам дека не е од интерес на државата и на граѓаните и лично мислам дека сите повикувања на тоа дека не е време дека треба овој процес да го оставиме за покасно дека се многу опасни и дека тие може да предизвикаат само несакани последици.

Исто така, јас го делам и мислењето на другите пратеници кои рекоа дека досегашните напори на Владата заслужуваат големо разбирање и дека тие покажаа голема ширина и разбирање во отслушувањето на разните решенија и идеи кои што беа изречени во првата фаза, а особено и

со излагањето на уводничарот , односно ресорниот министер дека тие стојат на располагање за сето она што ќе биде конструктивно и креативно предложено дека ќе заслужува внимание на оценка и земање во предвид во понатамошната разработка.

Сложеноста и одговорноста на ова прашање несомнено ги оправдува реакциите искажани од Синдикатот, Комората, граѓаните и другите чинители во делот на загриженоста во правилното осмислување и разрешување на ова сложено прашање посебно во делот на " механизмите кои ќе бидат присутни и потребни за неговото целосно правно оформурање, а и подоцна негово реализираше. Меѓутоа, како што реков искажувањата кои што идат на блокирање на овој процес мислам дека не заслужуваат внимание и не треба да бидат како такви прифатени. Меѓутоа , и покрај тоа што реков дека решенијата што ги нуди Владата заслужуваат целосен респект би сакал во принцип да укажам на некои мои согледувања на база на моето досегашно скромно искуство на дел од понудените решенија од аспект на изнаоѓање на што поуспешни решенија во понудениот механизам. Јас понудените решенија на Владата ги сфаќам како напор да се забрза процесот на трансформацијата од една страна, а од друга страна и нудење на појдовни решенија кои што се содржани во Нацртот на текстот, а кои треба да бидат натаму и дополнувани во смисла на барање на поадекватни и попрактични решенија.

Во тој контекст мислам дека заслужуваат внимание следните прашања.

Понудениот механизам на решенија содржан во законот пред се се базира на едни линеарни и нецелосни решенија. Ова кога го зборував мислам пред се на следното.

Во изминатиот триесет годишен развој на нашето стопанство и на нашата држава присутен беше различниот развој и различни тежини во развојот на правните субјекти во стварањето на сегашната таканаречена општествена сопственост. Тие таа општествена сопственост не ја створаа под еднакви услови и тие таа општествена сопственост не ја стекнаа подеднакво во тој триесетгодишен развој. Тоа кога го зборувам мислам пред се на елементите како од аспект на изворот на користените средства така и од аспектот на постигнатите резултати, понатаму уделот на вработените во тие претпријатија од аспектот на носењето на товарот на тој развој. Понатаму, уделот на општествената заедница, уделот на перцијалните дејности, улогата на банките и другите чинители во нашата држава. Заради пример да спомнам. Во нашата Република има повеќе претпријатија кои што во изминатиот период постојано беа во еден интензивен развој. Во тој развој тие постојано на дел на резултатите кои што беа постигнати издвојуваа значаен дел во реинвестирање, во отплата на тешки кредити, во отплата на камати, што сето тоа имаше на некој начин еден неповолен одраз врз стандардот на вработените на таквите претпријатија. За разлика од тоа други претпријатија беа градени со многу поповолни средства извори на средства каде што општествената заедница имаше многу позначаен удел. Вработените во таквите претпријатија многу полесно го носеа товарот на развојот. Тие секогаш беа на лествицата на подобро стимулираните или наградувани претпријатија. Како потврда на ова мислам дека може да се земе случајот висината на пензиите на поедините вработени од различни претпријатија, од различни гранки, од различни области, од различни дејности до едни на некој начин значајни разлики во нивниот моментален животен стандард. Тоа нешто секако е и резултат на таквите разлики, а кое нешто мислам дека треба да биде

земено предвид во конечното оформување на механизмот во смисла на сите олеснувања и решенија во делот на пристапот на трансформацијата.

Од друга страна во тој дел како што беше искажано во дискусијата мора да се земат предвид и другите чинители вон стопанството кои што исто така имаа еден значаен удел од аспектот на нивниот удел и од аспектот на последиците кои што тие ги понесоа.

**ИВАН ИВАНОВ**: (Продолжение)

Тука пред се мислам на банките, на образованието и другите чинители во нашата држава кои исто така имаат значаен удел на одделни вредности или би рекол на делот на општествениот капитал кој се наоѓа во стопанството. При тоа не мислам на некои решенија кои ќе одат од аспект на некоја социјализација или аспектот на давање од онака што се вели апроксимативно, туку мислам на нивниот удел од аспект на решенијата и работното ангажирање, а не и физичкото присуство како граѓани на оваа држава, бидејќи сигурно имаме и дел на граѓани кои преку разни приватни иницијативи, дали на подрачјето на нашата Република или пошироко, се стекнаа со значајна сопственост и капитал, а кој и дава еден значаен приоритет или предност во однос на останатите граѓани кои дадоа значаен придонес преку нивното работно ангажирање.

Исто така, мислам дека во понудените решенија има доста недоречености во делот на досегашната извршена трансформација, која како од аспектот на тоа дали била најправедна па треба да биде подвргната под лупата на едно најстрого преиспитување, што ништо немам против од аспектот на законската регулатива која била во моментот како важна, па до тоа што ќе биде третманот па понатаму продолжувајќи каков статус и квалитет во тој однос ќе има досегашната трансформација. Мислам дека она што е содржано во механизмот тие работи ги допира меѓутоа, не ги разработува најсуптилно што апсолутно заслужува внимание и на ова прашање да се посвети внимание.

Во делот на линеарноста мислам дека исто така елементот на градација мали претпријатија, средни и големи, кои од аспект на значењето и важноста на државата од акумулираноста на висината на општествениот

капитал заслужува полн респект. Меѓутоа, од аспектот на тоа, на подеднаквиот третман дали некој бил во мало или поголемо претпријатие или давање на една поголема привилегираност на вработените во помалите во однос на поголемите претпријатие мислам дека исто така не е адекватно и е еден линеарен пристап кој заслужува исто така еден нов дополнителен пристап во оценката.,

Понатаму, местото и улогата што беше од повеќе пратеници искажано, на агенцијата како претставник «а државата, поаѓајќи од самиот чин дека во изминатите 30 години дали тоа беше и најправиот пат, по тоа можат да се прават разни оценки што историјата и аналитичарите ќе го докажат, меѓутоа, самиот чин и напор дека кај граѓанинот и работниот човек требаше да ставиме до знаење дека тоа е капитал кој што му е ставен тој да управува со него, да го оплодува и да создава, односно сакајќи механизмот на државата преку трансформацијата на тој државен капитал своевремено што постоеше во тие државни фондови кои подоцна се трансформираа, ако агенцијата не биде најправилно дефинирана и ако агенцијата пот- сетува и асоцира на едни такви решенија, мислам дека ќе значи еден чекор назад и покрај желбата на Владата, со тоа сакајќи да понуди решенија со кои ќе се избегнат субјективностите, зло- употребите и слично. Во никој случај таа агенција не смее да се појави како фактор кој треба да обнови еден поранешен процес или да се наметне на сегашните управувачи или управувачки структури во претпријатијата и целокупните права да бидат пренесени до процесот, до извршувањето на процесот на трансформацијата на државата. Лично сметам дека тоа ќе биде еден чекор назад, тоа ќе значи една нова стагнација, тоа ќе значи еден нов лош однос а за што имаме и доста значајно искуство.

Сумирајќи го сето тоа што сакав да го кажам се залагам і во натамошната фаза на подготовката на текстот на законот како нормативa преку механизми кои ќе бидат применети за неговото извршување, мора да посветиме дополнително внимание и како пратеници и како млада, би рекол и како стопанство и останати чинители, на изнаоѓање на решенија кои ќе бидат поприфатливи, кои ќе бидат попрактични кои ќе носат напред на делот на стимулирањето, на правичноста, на поголемото и побрзо оплодување на капиталот и таа таканаречена општествена сопственост, а никако како елемент кој ќе доведе до нова стагнација, до недоразбирања, до нова кочница на натамошниот развој на нашата нова држава. ЗУДИ ЕМИНИ:

Со оглед на тоа што во денешната дискусија доста беше искажано и истакнато од стручен и политички аспект, неколку делови "од моето излагање ќе избришам.

Со оглед на реалната состојба која ја имаме и промените кои треба да се извршуваат во целокупната државна структура и системот како целина, значи се работи како е познато за крупни промени кои треба да се поддржат. Напуштањето на поранешниот концепт на таканаречената договорна економија доведува до преминување на пазарната економија преку институциите на системот, што подразбира една тотална трансформација која би ја оправдала и целта и нашата нова политика, ако сето ова би успеало со што помалку жртвувања. Поради тоа, овој голем проект е многу значен за натамошните промени во целокупното општество, а посебно за стопанскиот систем. А кога ќе се земе предвид дека најголемата одговорност лежи токму кај нас се плашам да не ги пречекориме овластувањата поради овие причини. Ние во поранешна

Југославија сме имале најмалку 5 обиди или експерименти за изнаоѓање поефикасен модел за стопанисување. Значи, цело време се експериментирале, а првиот обид за приватизација го донесе Сојузната влада во 1989 година со законот за општествениот капитал. Ние навистина пазарот го толкуваме, истите се залагаме за пазарна економија, меѓутоа, пазарот го толкуваме како знаеме и умееме. Поради нашиот менталитет, се разбира социјалистички кон целокупното стопанско заокружување, за се што е заедничко и ничие, назначен со титуларсп1 општествена сопственост, со овој акт треба се да се поткраде и уништува и поради други слабости, како немање увид од финансиска контрола, не доведе до таму каде сме, бидејќи нашите вешти мајстори направија и такви  дупки што законодавецот не може да ги предвиди. Тогаш пропаднаа, но тоа не значи дека ние и понатаму треба да експериментираме со наши чисти модели, туку напротив, принципот на универзалноста, што значи да се вгради она што во практиката на развиените земји го има потврдено како ефикасно, како што се плурализмот и рамноправноста на сите облици на сопственоста. Тоа во овој нацрт на закон многу малку го има. Ако основната цел е дека со овој нацрт на закон треба да дојде до промена на управувањето, потребно е да се разработат уште малку моделот на продажба, а посебно облиците на договорни вложувања со домашни и странски партнери.

Да се надоврзам уште еднаш на многубројните поранешни обиди на територијата на поранешна Југославија, обавезно треба да се каже и тоа дека главниот и единствен фактор при донесувањето ан важните одлуки, било политички или економски, бил демонот на власта без уважување на фактите и соочување на истите.

Со сојузните уставни амандмани 1989 година се даде простор и за областа на економската сфера. Меѓутоа, колку се валидни тие аргументи за денешнава дискусија е под знак прашање бидејќи следниве 2 години не се почитувале прописите што ја регулирале таа материја. ,Во овој голем процес, како што е процесот на сопственичкото преструктуирање беа присутни во основа две тенденции да се зачува општествената сопственост која ќе се претвори во државна и или да се претвори во приватна, а за жал такви сили има денес тука на кои втората варијанта не им одговора од позиција на сопствени лични интереси. Истите развиваат но што е поинтересно калкулираат и го грозната положба на работниците на своите работни места. По ова прашање вчера во своето излагање дециден беше и министерот кој уште нагласил дека тргнувајќи од овие факти со законот се настојува да се направи еден компромис меѓу разни интересни субјекти и што побезболно да се надминат интересните пречки кои се јавуваат од овие позиции. Истовремено, со дефинирање на правната регулатива кои се пропратни институции на оваа материја што ги пратата насоките, целите и методите во спроведувањето на процесите на трансформацијата може успешно да се избегнат и отстранат присутните негативни промени кои бараат начин да се запрат започнатите процеси на сопственичкото преструктуирање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Митко Анастасовски. (Не е тука)

Има збор господин Тодосија Паунов.

**ТОДОСИЈА ПАУНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, овој закон кој е денес на дневен ред како нацрт на закон за трансформација на општествениот

капитал, мислам дека денес и при конечното донесуваше ќе биде историска одлука на ова Собрание, што ќе се донесе заради тоа што нема граѓанин на РМ кој на некој начин не задира во неговиот имот, во неговата сопственост. Од животно прашање е на граѓаните како ќе се трансформира општествениот капитал кој е создаван 48 години, а денес треба некако можеби набрзина да го преточиме во некој друг вид на сопственост. Мислам дека ќе носиме голема одговорноста за ваквите состојби. Јас немам друго решени,е сигурно ќе треба да дадам подолго образложение во однос на продажбата нас општествениот капитал. Нема да имаме услови и создадени можности заради тоа што граѓани на РМ се толку сиромашни што не можат да го откупат оној општествен капитал што се нуди, нема средства, ако се пребројат средствата висината, количината на средствата ја нема и нема можности. Странски капитал нема д може да се внесе во овие услови. Меѓутоа, го поддржувам законот. Законот мора да оди и тоа по брза постапка. Секој ден што чекаме што не се донесе законот ние на некој начин го намалуваме општествениот имот, што не е во интерес на работникот и граѓанинот на РМ.

По однос на продажбата реков дека нема средства. Од друга страна во Уставот на РМ не е дефинирана сопственоста, иако се залагав да влезе посебен член 133-а, односно 134 во Уставот, со кои да се регулира општествената сопственост и да се трансформира во некоја друга сопственост. Меѓутоа, г-динот Тодор Петров стана и кажа дека нема потреба од ваква одредба во Уставот, дека е тоа внесено во Уставниот закон при што мислам дека не беше во право, меѓутоа таква беше атмосферата при донесувањето, така да не дадов доволно образложение

зошто тоа го предлагам. Меѓутоа, јас исто така поднесоа амандман и барав да се дефинира сопственоста во Уставот која се гарантира, затоа што во Уставот стои само дека се гарантира сопственоста на граѓаните, Сигурно се подразбира и на субјектите. Меѓутоа, која сопственост? Според досегашното искуства, според прописите, ние имаме државна сопственост, јавна сопственост, приватна сопственост, лична сопственост, мешовита сопственост, задружна сопственост и општествена сопственост. Општествената сопственост треба на некој начин да ја оттргнеме како таква односно да ја одземеме од субјектот од оној сопственик кој ја има денеска. На кој начин, во Уставот не сме дале одредба дека може на овој и овој начин да се одземе општествената сопственост од субјектот. По кој пат, дали по конфискација, национализација или др., кој пат да го примениме да се одземе, така што сме направиле, тоа е мое мислење, пропуст.

Сега која општествена сопственост треба да ја трансформираме во друга односно да ја продаваме? Општествената сопственост е стекната само од 2 избори, од изворот на граѓаните и од изворот на добивката на доходот што го оствариле работниците. Од изворот на граѓаните е одземан по пат на конфискација, национализација, експропријација и подароци доброволни и присилни. Од доходот створен, тоа е исклучиво створен од работникот, граѓанинот на РМ е создаден тој доход и тој доход му припаѓа на граѓанинот. Меѓутоа, сега отстапување од трансформацијата во приватна сопственост не може да се потргне, мораме и тоа го реков по брза постапка, меѓутоа, ан кој начин да трансформираме. Сигурно да избереме на тој начин на кој ќе добиеме поголема продуктивност, поголеми ефекти,

поголем развој, на тој начин треба да го трансформираме. Од сето ова бидејќи беше доста искажано морам да скратам и заради времето, ако имаме време пак да се произнесеме за конечното донесување на трансформацијата, не да стојам на тоа што сме го рекле порано дека мораме да го трансформираме општествениот капитал, да го поделиме. Јас сум повеќе да го делиме отколку да го продаваме, затоа што реков да не повторувам и да не образложувам колку треба, нема средства, а да го поделиме. На кој начин да се подели. На првиот начин, мислам дека треба да се подели на сите вработени кои биле во работен однос, доказ - работната книшка и тоа за годините по стажот и личниот доход кој го имал односно платата која ја имал. Тоа е едниот,начин. Вториот начин е на сите граѓани кои се родени во Македонија, државјани на државата Македонија. Ако тоа не одговара, комбинирано, 50% од капиталот да се подели на работниците кои работеле, 50% на граѓаните, учество, граѓанинот "има право да учествува како граѓанин и како работник ако работел, исто по критериуми кои ќе се утврдат со законот. Ако и ова не е доволно, нека се подели само на работниците кои работат во соодветното претпријатие. Сепак добиваме, не губиме. Меѓутоа, секој кој ќе добие интерна акција да мора на крајот од наредната година 10% да внесе готови пари на претпријатието. Со тие 10% ние веќе имаме средства, претпријатието веќе располага, ќе изврши обновување на технолошкиот процес, обновување на машинскиот парк односно ќе има обртни средства. Претпријатието добива некоја инекција, нешто се поткрепува. Наредните години уште повеќе, така што 10-тата година тој да внесе толку пари колку има акции. Со тоа го развиваме претпријатието.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Граѓанинот односно акционерот не да има на крајот после десет години, претпоставка, кој добил 100 милијарди и сто внел двесте милијарди, не да има 200, туку да има илјада милијарди ќе има дивиденда ќе има камата. Меѓутоа, исклучувам претпријатија кои ќе прават загуба. На тој начин мислам дека ќе се обезбеди имотот да се сочува и да се развива стопанството, со што ќе се обезбеди ќе кажам подоцна вработување и ќе немаме технолошки -вишок и социјалата ќе биде задоволена. До колку ова решение не одговара, тогаш по пат на закон и лизинг, па сепак нешто мислам дека се доби ва и работниците мислам дека ќе останат во поголем дел во организациите. Искрено да кажам дека се плашам од социјала што ќе ни се случи ако извршиме продажба и ако се странски капитал и ако ги куп претпријатијата дека 50% од работниците ќе останат без работа, ќе биде многу тешко на Републиката во овие услови кога сме стварале 48 години, а сега наеднаш ние тоа на некој начин скоро го уништуваме. Така, мислам дека не смееме да дозволиме.

Понатаму, како средства за буџетот. Сигурно, кога граѓаните ќе бидат богати лесно е да се донесе стапка за данок, да се оданочи и буџетот, средствата ќе растат. Јас сум убеден на овие начини ако се трансформира дека развојот ќе продолжи, мислам дека на денешната седница имаше веќе и вакви слични и можни да се размислуваат дискусии, повеќе ми даде претседателот на Собранието мисли многу убави зборови кажа дека оваа одговорност треба првенствено да се размисли односно трезвено треба да се размисли за сите економски и политички состојби кои ги имаме во Републиката и на некој начин да се обратиме, колку можев да сфатам, да видиме и работници и граѓаните што мислат за начинот на

трансформирањето. Тоа ќе биде можеби едно од најсилните и највредните решенија.

Понатаму, мислам дека требаше да се направи список на организациите кои треба да одат во трансформација на друга сопственост, па и за тоа да се произнесеме и порано го реков, немој да треба некој капацитет за општи, заеднички потреби или за комунални или за други државни сврхи изградениот капацитет да го продадеме а потоа да градиме друг, па други пар  и наново средства*. Мислам до такви капацитети би требало да се задржи.

Кога реков веќе кај продажба на страни лица, ние ќе бидеме зависни технолошки и економски од онаа нација, од онаа држава која ќе вложи странски капитал. Колку да се браниме дека тоа не е точно, ве уверувам дека тоа е точно. Меѓутоа, исто така, во Чехословачка извршија продажба на Шкода, германска фирма купи шкода. Сега врши пренос на шкодата во Германија. Дали е тоа така можеме да провериме со одговорност ова го кажувам. Мислам дека со трансформацијата на општествениот капитал треба да се постигнат целите и задачите, прво, да не смееме капацитетите да ги намалиме, отколку што ги имаме, туку тие да бидат зголемени. Па, затоа целта на трансформацијата на општествениот капитал е да се трансформира целосно целиот капитал. Ако одиме со продажба не може да се трансформира. Долги години ќе оди трансформацијата поради немањето на средства.

Второ, да се постигнат економски ефекти за продуктивно, рентабилно работење што е во интерес на државата Македонија. Да остане претпријатието во целина, да не се подвојува претпријатието, мислам технолошки да не се подвојува, да остане целина за поуспешно производство. Вработените кои се во организациите на тој начин со законот

исто така се прецизира да останат на работа во таа организација, а организацијата да најде средства методи и начини да им обезбеди конечна и трајна работа. Да нема технолошки вишок во организациите кои што ги имаме и кои се трансформираат. Да се овозможи ново вработување во таквите организации со оној капитал кој го реков кој ќе го внесуваат работниците секоја година за проширување и за реконструкција на постојниот капитал. Целосно да се искористува постојниот инсталиран капитал, односно капацитети што ги имаме во организациите. Да се создадат услови да се изврши модернизација на постојните капацитети пак со овие средства што ќе бидат вложени, а сигурно и други средства што ќе бидат позајмени, да се добие квалитетно производство за домашниот и странскиот пазар. Ние имаме производство, меѓутоа сеуште нашето производство на странскиот пазар не е способно да конкурира, така што некако странскиот пазар не не прифаќа, иако под овие тешки денешни услови, мислам под нормални услови ако не ги извршиме овие работи. Да се овозможи целосно функционирање на пазарното стопанство. Да се створат услови за стоково производство за странски пазар и за кооперативни односи на оние организации кои имаат такви капацитети што не се заокружени технолошкиот процес во државата во Република Македонија. Да се овозможи да се вратат долговите по основ на штедните влогови на граѓаните девизни и динарски. Исто така, да се овозможи враќање на долговите што е задолжена Македонија во странство. Да се створат услови за побрзо инвестирање и развој на Република Македонија. Ќе се створат средства поголеми за извршувањето на општите и заедничките потреби односно средства за буџетот, приходите на буџетот на Република Македонија. Значи, со вакво организирано стопанство, иако во

приватна сопственост, меѓутоа мислам дека идеме побрзо. Ќе се намали социјалата на Република Македонија и оттука треба да се има предвид, пред се што го реков развојот на Република Македонија да се искористат сите можни рудни, шумски и други богатства кои ги имаме.

Уште би сакал да кажам дека имотот што е створен по пат на конфискација, национализација на граѓаните тоа е имот, земјиште, шуми, насади, бавчи, пасишта, згради, станбени згради, фабрични згради и другиот имот, овој имот на граѓаните со Законот за деесплопријација треба да се реши и да му се врати на граѓанинот по цени кои ќе бидат утврдени односно денешни цени минус оние вредности ревалоризирани на денешната состојба на граѓаните да им се врати тој имот кој им е одземен.

На крајот, да кажам барам од овие мои предлози да биде на некој начин внесен во дискусија предмет и да се анализира на кој начин, како и притоа во можностите, ако сум во право, да се прифати. Доколку не сум во право барам да ми се каже, а потоа барам трансформацијата на општествениот капитал иде на референдум на граѓаните да се изјаснат и тие за начинот и состојбата, затоа што реков дека секоја фамилија од Република Македонија, секој втор човек го зафаќа ова трансформација на општествениот капитал и реков дека оваа е многу тешка и сложена работа и дека нема во теоријата каде што е извршена трансформација која е најадекватна, секоја трансформација која што се врши во источните земји денес се критикува и се најдуваат обратни решенија, јас мислам дека ние треба да изнајдеме најадекватно решение и тоа решение што ќе се договориме што ќе го донесеме со закон да не се менува. Па и макар погрешиле да не го менуваме. Доколку го менуваме ќе направиме многу тешки состојби во Република Македонија од страна на граѓаните.

Благодарам, јас требаше меѓу првите да бидам можеби, меѓутоа заради тоа што сепак подоцна, па некој зборови ги исфрлав кои беа кажани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

По оваа точка ние имаме информација и нацрт на закон.. Оттука, ќе си дозволам да се искажам и по«информацијата и по Нацрт на законот.

Почитуван претседател, почитувани пратеници, политичката, економската и социјалната криза длабоко ја потресуваат нашата независна и млада македонска држава. Продлабочувањето и натамошното траење на таа криза ќе го доведе во прашање и опстанокот на државата. Оваа криза е последица и на начинот на функционирање и работење на досегашните и сеуште постоечки институции на системот и другите органи на управата, контролата, судството и информирањето. На сите овие институции основата им е општествената сопственост и заштитата на истата. Во овие судбоносни моменти на доградување и опстанок на нашата држава, која покрај Уставот треба да ги донесе и другите системски закони, а пред се Законот за трансформацијата ни се потребни прави и објективни информации за состојбата и користењето на општествената сопственост и нејзината досегашна трансформација. Сведоци сме за огромни кражби, малверзации и злоупотреби во користењето и трансформацијата на општествената сопственост, штрајкови, враќање на акционерската во општествена сопственост, барање за сменување на раководни органи и слично. Тие појави доведоа до огромно разлојување на општеството на богати и сиромашни на привилегии и корупции како и го доведоа во

прашање опстанокот на државата. Со Уставот и уставниот закон се определивме за трансформацијата на општествената сопственост. За таква трансформација се потребни:

Прво, објективни и сеопфатни информации за големината, користењето и трансформација на општествената сопственост и закон за трансформирањето на општествената сопственост. Пред нас денес е информацијата и Нацртот на законот. Што нуди и што покажува

Информацијата на Владата составена врз основа на контролата и информациите на Службата за општествено книговодство. Ништо ново односно се во познатиот стил на искажување. Односно имотот се краде и нормално и институциите молчат. Со информацијата која треба да биде основа за донесување на закон на трансформација треба да се дадат следните податоци.

Прво, колку изнесува општествената сопственост, капиталот во Македонија во состојба 31.XII.1991 година, а уште поточно со состојба на 30 јуни 1992 година, бидејќи сите корисници на тој капитал прават односно имаат направено завршна сметка за 1991 годи- на и полугодишна пресметка за 1992 година.

Второ, колку изнесува општествениот капитал кој е трансформиран и преминал во приватен и кое е неговото учество во вкупниот капитал во Републиката.

Колку изнесува општествениот капитал кој е неправилно трансформиран односно украден на кои правни лица е тоа направено.

Колку изнесува општествениот капитал кој ќе биде предмет на. трансформација со Законот и колкаво е неговото учество однос на вкупниот општествен капитал.

Кој капитал ќе се пресмета номинално преку акции на агенцијата номинално преку акции на агенцијата.

Шесто, колкав износ на лични доходи неправилно се исплатени во интерни акции и колку е оштетена државата со даноците и придонесите што не се платени по тој основ.

Седмо, мерките, пријави и решенија преземени од Владата и контролата, од СОК. Бидејќи информацијата на Владата и контролата на СОК е пред се декларативна и насочена, а без документирана и друга основа не ја прифаќаме и таа, не може да биде основа за донесување на еден системски закон, како што е Законот за трансформација. Посебно штом самата информација укажува на тоа и индиректно влијае на состојбите кои не се прикажани во Информацијата. Ова е делот кој се однесува во однос на информацијата која што иде заедно со нацртот на законот.

Во однос на Законот за трансформација на претпријатијата во општествена сопственост малку попрецизно излагање, исто така, претпочитам да биде прочитано, бидејќи кога се работи за крајно сериозни работи треба да се прочита она што ќе се каже. Слободна импровизација сметам дека во случајот за мене не би била примерна.

Пред нас е поставена една огромна задача и одговорност да донесеме закон со револуционерен карактер и од судбинско значење за опстанокот на економското, социјалното и политичкото живеење на нашата млада, независна и суверена македонска држава. Не претерувам ако кажам дека овој закон по своето значење и содржина ист толку важен како и Уставот на нашата држава. Овој закон го донесуваме во моментот кога нашата држава се судрува со следните проблеми. Длабока економска криза, енормна инфлација, загрозена социјална егзистенција на огромен број граѓани, длабока политичка криза и загрозен опстанок на нашата држава.

Пред да се осврнам на содржината на предложениот закон ќе се

задржам на општествената сопственост која се темели на сегашното наше политичко,економско и социјално уредување и живеење. По ослободувањето по револуционерен пат односно со национализација конфискација и експропријација приватната сопственост ја трансформиравме во државна а подоцна во општествена сопственост. Приватната сопственост ја прогласивме за непријател број еден на нашето општество. На темелите на државната и општествена сопственост изградивме социјалистичко општество односно економски и политички систем во кој доминираше монополот;на сопственоста,размислувањето и управување^о.

На темелите на државната и општествената сопственост го воведовме и самоуправувањето. Темелни одредби ни беа фабриките на работниците, управувањето на работниците и наградување според вложениот труд За заштита на општествената сопственост и управувањето со истата,како и во борбата против приватната сопственост изградивме огромен број на институции кои се темелеа на нашето економско, политичко и социјално уредување на нашата држава.

Сите општествено - политички заедници, Република,град, општина имаа за цел да штитат и да ја развиваат општествената сопственост. Јас би го замолил претседателот да повика на тишина.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ** : (продолжение )

Создадовме секретаријати за внатрешни работи да ја штитат општествената сопственост. Создадовме правосудство за заштита на општествената сопственост. Создадовме служба за општествено книговодство за да ја заштитеа општествената сопственост. Создадовме банкарски систем и банки за заштита и развој на општествената сопствениот. Создадовме образовен систем за заштита на општествената сопственост уште во детските градинки, децата ги учевме за самоуправувањето и општествената сопственост. Создадовме информационен систем во Служба на општествената сопственост.

Општествената сопственост заедно со сите нејзини институции требаше да обезбедат економски и социјален просперитет Меѓутоа, што се случи? Под закрилата на сите горни институции на општествената сопственост се изврши ерозија на општествената сопственост, бирократизација на општеството, раслојување на општеството на богати и сиромашни, привилегии до доведување на работникот до просјачки стап.

Неспособноста на општествената сопственост и на нејзините институции се огледа преку честите реформи кои се правеа и прават а не дадоа ниту ќе дадат резултати. Според тоа, општествената сопственост и горните институции кои се изградени врз основа на ситата се главната и основната причина за длабоката економска, политичка и социјална криза во која се наоѓа нашата држава.

Од напред изнесеното сакам да укажам на причините за донесување на Законот за трансформацијата на општествената сопственост како и огромната важност на идното економско - политичко и социјално уредување на државата.

Аков веќе се согласуваме дека општествената сопственост ќе мора да ја напуштиме, се поставува централното прашање во кој вид односно

видови на сопственост таа треба да се трансформира во приватна или државна и во приватна и во државна колку во приватна, колку во државна колку време ќе одредиме за трансформација на општествената сопственост.

Пред да го донесеме законот треба да изградиме сопственички концепт за идното наше уредување. Нашата партија ВМРО-ДПМНЕ во својата програма се определи за сопственички концепт во кој доминира приватната сопственост односно приватната сопственост да учествува повеќе од државната во вкупната структура на сопственоста во Македонија односно нашата програмска определба беше создавање независна, суверена македонска држава и трансформација на општествената сопственост во приватна.

Ако се договориме за идната сопственичка структура во тој случај може многу лесно да го донесеме законот, во спротивност ќе биде многу тешко. Затоа во Парламентот треба да постигнеме консензус за идната сопственичка структура.

Иако сопственоста го одредува концептот на управувањето со стопанството во светот доминираат две концепции и тоа: централистичко кибернетско управување и менаџмент. Менаџментот кој се применува на Запад во услови на доминација на приватна сопственост поаѓа од два елементи:

Прво, профитот како критериум за успешноста на раководењето и управувањето и мотивацијата на човекот за успешно работење.

Пред да го донесеме законот и за овие концепти на управувањето треба да се договориме.

Нашата партија е менаџментот во управувањето со доминацијата на приватната сопственост односно нашата партија е за полна слобода во

стопанисувањето на претпријатијата односно експертите да бидат лоцирани во претпријатието , а не надвор од него.

За донесеме квалитетен закон односно за да можеме да учествуваме во расправата за истиот, предлагачот треба да изготво програма за трансформација на општествената сопственост во Републиката или да ги даде следните податоци:

Колку измесува општествениот капитал во Македонија? Колку изнесува државниот капитал? Колку изнесува приватниот капитал? Колку изнесува акционерскиот капитал?

Колку ќе се трансформира општествениот капитал во државен или приватен со предложениот закон?

Основни причини за донесување на предложениот закон е трансформација на општествената сопственост на други видови на сопственост а не облиците на стопанисување односно видовите на претпријатијата.

Видовите на претпријатијата, акционерско друштво, друштво со ограничена одговорност, Холдинг претпријатијата се утврдени во Законот за претпријатијата, а тие можат да бидат во општествена, мешовите и приватна сопственост. Според тоа тој закон требаа се занимава со трансформацијата на општествената сопственост затоа треба да носи наслов - Закон за трансформацијата за општествената сопственост, а не како што е предложено.

Овој нов назив на Законот му дава сосема друго политичко, економско и социјално обележје на овој Закон што тоа го заслужува. Ако го добиеме овој назив на Законот во тој случај ќе отпаднат многу одредби од Законот кои се занимаваат со формите и болниците на стопанисувањето, а кои се објаснуваат во Законот и го прават нејасен и сложен што гледаме од

искуствата од другите бивши републики на Југославија.

На крајот сметам дека треба Законот да тргнува од следното

- од работникот, како најголем капитал и создавач на денешниот општествен капитал;

- од граѓаните на Македонија кои директно учествуваат во создавањето на општествениот капитал;

- од правичноста и социјалата при таа трансформација. Сигурно мора да се напушти тезата дека целиот македонски капитал треба да го продадеме на странски вложувачи. Одземаше на незаконски стекнатиот имот во сите случаеви каде е тоа направено. Законот мора да ги регистрира и содржи следните барања:

Работниците да имаат предимство на откуп на дел општествениот капитал со попуст.

Граѓаните на Македонија да имаат право на откуп на дел од општествениот капитал,

Дел од општествениот капитал да се продава на странски, физички и правни лица.

Попуст при откупот на општествениот капитал мора да имаат работниците и граѓаните на Македонија.

Државата преку средства за развој да врши откуп на претпријатијата од витално значење за Македонија.

Без овие содржини на Законот, ние овој Закон го сметаме како Закон за привилегираните слоеви и бирократи:

На крајот сакам да искажам едно свое мислење дека од искажувањето по Нацртот на законот посебно го почитувам искажувањето на претседателот на Собранието господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-диниот Митко Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не сакав да зборува, не сакав ни збор да земам, но ме прозва г-динот претседател.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навистина нема смисла му дадовме збор, нека збори зошто се уфлувате.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Меѓутоа, ќе кажам неколку збора за Нацрт- законот за трансформација на претпријатијата за општествениот капитал со малку зборови.

Го слушав и г-динот Андов, со некои негови излагања наполно се согласувам и со некои други пратеници од сите партии кои настапија тука. Меѓутоа, имам една голема забелешка на Нацрт-законот и сакам да нагласам дека треба да се има предвид, бидејќи не знам и ќе молам Владата да ми одговори дали кај нас постои закон за заштита на влогови од странски капитал. Затоа што кога влегуваме во фаза на новиот систем кој е неопходен за нашето општество, го оставаме стариот систем на страна и влегуваме во една епоха која е неминовна и во источните земји каде владееше едноумието.

Прво, ќе треба да имаме предвид дека се наоѓаме во еден ентитет во кој не можеме без странски капитал да го развиваме стопанството во поглед на технологијата. Но, за да се внесе странски капитал пак уште еднаш прашувам дали постои закон за заштита на влоговите на тој странски капитал. Дали постои земја во која гарантираме да ни внесе капитал, да ни внесе валута, да ни внесе технологија во нашата земја. Ми се чини дека тоа го немаме.

Друго, во Нацрт-законот или во Законот кој треба да го донесеме велиме дека заштитник ќе биде некоја државна агенција која треба да води сметка за капиталот кој ќе преминува во приватна сопственост. Ве прашувам, дали кај нас постои национална банка на Македонија која ќе гарантира веднаш по првиот закон, која ќе гарантира влоговите било од внатрешниот капитал, било од надворешниот капитал. Не постои. Кај нас постојат разни банки кои не гарантираат ни за нашите влогови. Јас немам никакви влогови ни денари, ни марки, но и тие што имаат влогови никоја банка не гарантира.

Ние знаеме дека сите општествени претпријатија, кај нас не беа државни, биле под некоја форма на самоуправување, а тука треба да нацртам една работа дека тие претпријатија ги градеше народот, ги градеа работниците. Акциите кои треба да се внесуваат, се согласувам со еден претходен дискутант кој рече, убаво запамтив, не треба да има акционери кои учествувале во власта затоа што не биле директно вклучени во производството.

Друго, сите тие директори кои биле на некој начин привилегирани во вишиот режим на едноумието не треба да имаат, немојте да се смеете, тоа е многу интересно, не треба да имаат никакви акции во наредните претпријатија која ќе поминат во приватна сопственост. Зошто? Одговорот е тука. Ако еден работник кој работи 40 години отишол во пензија или уште е во работен однос ќе земе акции од 10 илјади денари, тогаш директорот ќе има учество од 1 милион денари акции. Се прашуваме сега, што ќе стане со таа фабрика или со тоа пртпријатие кога по 2-3 години по акциите на тој што дал 10 и на тој што дал илјада во чија раце ќе премине?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, овде некои луѓе упаѓаат и не слушаат не заради политичко несогласување да е протест па да разберам и тоа не чини, туку заради тоа што не им се слуша. Па нека испушат по една цигара надвор, човекот доби збор, па дајте да го ислушаме.

**МИТКО АТАНАСОВСКИ:**

Јас не сум економист, но општо гледање на работите дека кај нас не можеме да се трансформираме веднаш или можевме да се трансформираме веднаш пред да се ограби. Кога констатиравме пред 2 години дека се ограбуваат претпријатијата, тогаш требаше да се донесе овој Закон. тогаш ние само констатиравме, а не преезедовме она што го направивме по 2 години. Многу полесно ќе ни беше и нам и на извршните органи и на работниците. Овие што излегоа на улица секој ден, тие ни парадираа,ниту ни акламираа. До вчера излегуваа со дрвени транспаренти, сега гледам со железни транспаренти. Дали ја имаме таа моќ да преминеме со сопствен капитал, јас верувам дека не сме толку моќни, можеби некој е моќен. До вчера велевме работници на привремена работа во странство, тоа го избришавме, сега велиме работници во странство. Ве прашувам сите вас тука дали од тие работници што ги заборавивме надвор некој да вложи нешто. Јас ви гарантирам дека ништо. И веднаш ќе ви го дадам одговорот зошто. Затоа што немаат доверба да внесат во нашите трезори, во нашите банки, затоа што ќе му ги украдеме.

Според тоа, треба да бидеме предвидливи и треба многу добро да помислиме,а дојдено е времето, во сите источни земји преминаа но добро таму беше малку поинаку фабриките беа во државни раце  а овде беа во

рацете на самоуправувачите што беше уште полошо отколку таму затоа што тука се велеше директорот нема власт, а фактички имаше, многу убаво Тито се ослободи како и Кардељ кога рекоа еве ви ги фабриките, а ги ослободија директорите од сите одговорности, а работниците да ги имаат. Целиот товар им го фрлија на работникот затоа е работникот денеска на улица и затоа немаме ништо. Тоа беше еден механизам кој така работеше и така требаше да биде. Но, ние сме свесни во која положба сме сега ние.

Неминовно да се донесе закон за создавање на национална банка на Македонија. Но, таа не можеме да ја создадеме затоа што немаме држава. Малку размислете, а утре да ми одговорите.

Друго, да се донесе закон со кој ќе се гарантира, никој нема да гиба во парите на странскиот капитал, во таа смисла сакам да кажам. Го имаме? - Го немаме.

Кој сака да гради куќа најпрвин да има темели, не може кука да се гради без темели. Носиме разни закони, а не носиме основни закони. Сакаме да ги направиме претпријатијата во приватна сопственост. Така, се согласувам наполно дека е време, но го надминавме и тоа време. Го надминавме и времето кога требаше да се носат најосновните закони и обележја на нашата држава. Затоа не можеме да направиме национална банка. Затоа ја изгубиме довербата надвор. Баба ми Фира велеше вака на фиљан човек му пукна пердето па нема ни срам ни ништо. Ние сега и не се срамиме. Најискрено да ви кажам, а треба да се срамиме.

Се обраќам до сите партии, до сите колеги и колешки малку да го забрзаат процесот на ова, се согласувам за ова, но треба да ги земат во предвид најпрвин овие работи што ги нагласив и овие закони кои треба да

се донесат и друго, треба да помислат малку врз таа основа, врз тие работи. Оти знаете што е работата. Ние уште не сме ги регулирале имотно -правните односи на големите претпријатија кои ги изградивме. Тука ќе има голема кочница. Треба да се осигура социјалата на тие луѓе што ќе останат. Како да ја земеме работата, ние не сме подготвени за многу работи, а вината немојте да ја фрламе на Митко, Трајко, Петко, сите сме виновни за тоа. Времето не гази, а ние многу доцна се сеќаваме. Пролетта помина, нека дојде летото, есента дојде, зимата дојде пак пролетта ќе ја чекаме. Не може така.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (продолжение)

Така не може. Во празна куќи и глушец не може да стане домаќин. Јас ќе ви кажам право. Ако малку доша има човек и ако малку погледне, ако добро погледне во каква положба се доведовме сполајте му на господ ќе рече што пак сме живи.

Тука имаме правници, не се смејте господине министре, тука имаме економисти, тука имаме луѓе од сите профили кои треба да застанат, ако треба да се направи еден комитет од сите тие структури и добро да го изработи, добро да го изработи планот за приватизацијата, тогаш ќе се најде крај. За директорите нема зима. Јас ви тврдам се е пролет и лето. А, за доцнење, да чекаме друга зима, тогаш ќе не згази времето. Европа не сака луѓе како нас .И, нема да не прими. И, дали мисли некој дека украдовме па ќе влеземе во неа, не. Треба да создаваме држава каква што е Европа. А, да создаваме како Европа треба прво да имаме држава, така , за да имаме лице да бараме.

Секој ќе ни помогне ако ние сме свесни. Ние тие работи не ги гледаме убаво, тие работи ги заборавме. Работиме без закони- Безаконие. Ние имаме безаконие во нашата држава. Додека не се донесе правилен закон за приватизација, а требаше тоа да се донесе, пак ќе го повторам, ние сме во погрешен колосек

**ТИМЕ АНДОНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници. Денеска водиме расправа за најважниот закон, Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал кој значи столб на економскиот и општествениот развој на нашата Република.

Досегашните дискутанти дадоа доста забелешки од кои по некои многу спротивставени, но сигурно некои ќе најдат место во овој Закон. Посебно ќе истакнам дека во целост ја прифаќам дискусијата на господинот

Андов затоа што тој даде и еден нов приод кон изработка на овој закон, односно внесување на нови елементи во основите на овој Закон, што не значи негирање на предложениот закон, туку напротив позитивно надополнување

Сигурно дека сите ние сакаме, но сме и обврзани да го донесеме што побрзо овој закон и да зачекориме по патот на пазарната економија, а со тоа и кон подобар живот. За ова се обврзавме во нашите политички програми на предизборната кампања. Но, исто така треба многу да внимаваме да не обесправиме големи групи на граѓани, што ќе предизвика големи револти, а со тоа пречки за донесување и спроведување на ОВОЈ закон.

Јас сакам да истакнам една голема група на луѓе, една цела гранка, а тоа се тутунопроизводителите кои не се ставени во овој закон, ниту пак до сега некој забележал. Мислам дека и овие граѓани треба да учествуваат во поделбата на колачот и тоа со ваучер, а ова ќе го објаснам.

Оваа група на луѓе, производители на тутун, преку Законот за тутун имаат кооперативен однос. Тие беа и се обврзани да го продаваат своето производство во организациите за откуп и преработка на тутун, а често пати можеа да земат и дупло поголеми пари. Сите знаеме дека од тутуно производството се обезбедува голем девизен прилив, а овие девизи се користат за набавка нови технологии во сите гранки на стопанството.

Ќе дадам пример со мојата општина Радовиш, бидејќи по традиција луѓето се занимаваат со тутунопроизводство. Многу малку е тука вложен државен капитал за индустријализација, а има многу мала вработеност. Со тоа, со овој закон ќе биде многу мал бројот на граѓаните кои ќе искористат. Со овој закон за разлика од другите општини што имаат искористено многу државен капитал за индустријализација, со тоа ќе ги искористат бенефициите што ги дава овој Закон.

Затоа предлагам и тутунопроизводителите да влезат во овој закон и тоа преку ваучер да искористат одредени бенефиции.

**РИСТО ЌЕЛЕШЕВ:**

Почитувани пратеници, Нацртот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и нарочно образложението од господинот министер ја даваат рамката, визијата и техниката на трансформацијата на општествениот капитал.

Мислам дека понудениот Нацрт закон ги нуди основните претпоставки за постигнување на основната цел на трансформацијата, а тоа е создавање ефикасна економија.

Меѓутоа, за мене останува непрецизно дефиниран или барем за мене недоволно јасен членот 3 од Нацртот на законот кој вели - трансформацијата на општествениот капитал според овој закон не се врши во претпријатијата кои со закон и со одлука заснована на закон е утврдено дека вршат работи и дејности од посебен општествен интерес.

Ако и на сегашната листа дејности од посебен општествен интерес се наоѓа и здравствената дејност и тоа во цела нејзина рамка, а нема никаква логика, ни економска, ни државничка целиот комплекс здравство да биде од посебен општествен интерес, бидејќи повеќе од очигледно е дека поставено и така сфатено ниту функционира ниту има перспектива. Сметам за неопходно потребно добар дел од комплексната дејност здравство биде растоварен од државничкото душебрижие наречено "посебен интерес" да се даде можност за трансформација под исти услови и критериуми како и на другите само наречени или таканаречени производни или стопански дејности за тоа што без ваквата корекција една многу битна категорија на труд и понатаму ќе остане на маргините на функционирањето и на

маргините на економијата, пред се на штета на корисниците на здравствените услуги.

Затоа, го молам предлагачот на Нацртот на законот за трансформација да ги прифати сугестиите и ги инкорпорира во дефинитивниот профил на проектот.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници.

Поради предолгите дискусии, доста големите забелешки ќе настојувам да бидам сосема краток и да дадам мој придонес како забелешки на нацртот на законот за трансформација на општествениот капитал, кој како модел дава едни контури, појдовни точки како да се тргне општествениот капитал да почне да се приватизира.

Мои основни забелешки на овој модел се тоа што сакале или не мора да признаеме дека овој закон, општествената сопственост, на еден начин без да се искаже зборот национализација, ја национализира во државна, а дел дозволува да се приватизира.

Тоа го зборувам од следните причини. Поголем дел од претпријатијата самиот закон ги издвојува од приватизација и ги остава за едно друго време. Дел од претпријатијата, бидејќи веќе истиот закон прави разграничување на мали, средни и големи претпријатија, што длабоко сум убеден, а исто така во тоа сметам дека е убеден и предлагачот, дека во прва фаза приватизацијата ќе отпочне со малите претпријатија. Тоа е логично, секој граѓанин кој би сакал да купи би се заложил со помала сума. Никој не би се нафатил во ова време, па и било колку да е богат во Македонија, во една ваква правна регулатива да купи големо претпријатие.

Останува дилемата, токму во овој дел не е дефинирано што со оние претпријатија што законот ги остава надвор од приватизацијата и претпријатијата што сме длабоко убедени оние големите, па и дел од

средните што ќе ги преотстапат акциите на Агенцијата, што се тие претпријатија? Каков статус ќе имаат, дали општествени или државни? Како ќе биде понатаму нивното трансформирање? Во какви фази ќе оди и каков интерес ќе има државата или како тоа Агенцијата ќе го регулира.

Сметам, во тој дел, Владата треба да посвети внимание и да даде уште некоја регулатива, да влезе во Законот тој дел да биде пообјаснет и по прифатлив.

Потоа имам забелешки во методологијата каде се зборува дека агенцијата ќе изготви методологија за начинот на проценката на капиталот, Сепак, ми се чини дека овој дел е еден од најбитните при трансформацијата на општествениот капитал, на претпријатијата со општествен капитал, бидејќи оваа проценка што се остава да ја изготви Агенцијата, а да ја донесе Владата, сепак се големи права што ова законодавно тело кое нема ниту една регулатива во овој Закон, какви рамки ќе има во него, во кои рамки ќе има Агенцијата овластувања и Владата.

Во тој дел ми се чини дека е неопходно во Законот да се додадат уште неколку членови, па дури размислувам и посебен закон. Посебниот закон го размислувам од тие причини што е неопходно, покрај Агенцијата што се гледа дека ќе брои 11 члена, можеби уште нешто друго, ова не ќе биде мала работа, еден општествен капитал кој што сите сметаме дека имаме некакво право на него, една агенција и Владата без посебна служба и без посебен закон да го тоа регулира и реши, ми се чини може да биде само илузија. Предлагачот мора подлабоко да ја разреши и оваа форма при проценувањето на капиталот.

Исто така, имам голема забелешка и на вреднувањето на капиталот, каде стои дека тој ќе биде вреднуван во западно Германски марки по службениот курс. И ова дава можности за најразлични манипулации. Од искуството знаеме дека службениот курс може да стои една и две години

како што е сега 600 денари 1 марка, а на пазарот 700. После 1 година може на пазарот да биде 2.000 денари а службениот курс да биде 600 денари. Размислувам и давам предлог на предлагачот, се согласувам да биде тоа во девизи но вредноста да се утврдува на пазарот, пазарна вредност на марката.

Исто така имам забелешка и на бенефициите, давање бенефиции при продавањето на овој капитал од причини што кажаа повеќе дискутанти во ТОЈ дел.

Најнапред сметам дека Синдикатот кој силно се залага да има бенефиции на вработените во претпријатијата, сепак тоа е една варка спрема обичниот работник. Јас ве прашувам кој работник денеска, а излегува на штрајк и пред ова Собрание, на кој работник не можат да му се обезбедат ни 100 западно германски марки плата за 1 месец каков акционер тој ќе биде? Треба да бидеме свесни дека акционери и сопственици не можат да бидат сите работници. Тоа треба да го знаат работниците. Не треба да се крие пред нив. Никогаш не можат да бидат сите работници сосоптвеници. Такво нешто имавме до сега.

Во теоријата на правото зборувавме дека работниците управуваат со претпријатијата и со доходот. Тоа беше чиста манипулација. Не треба да продолжиме понатаму да го правиме работникот акционер. Работникот треба да биде прав работник. Во Законот токму тој дел е изоставен.

Ако продаваме капитал јас сметам дека и работниците кои веруваат на Синдикатот кој ги поведува , тие имаат страв дека ќе останат без работа. Тоа е точно. Голем дел од нив ќе останат без работа. Никаде во законот што е презентиран во форма на Нацрт не се занимава со работникот. Продаваме капитал. Ги продаваме претпријатијата, за работниците ниту збор нема. Мора предлагачот да го разработи и тој дел. Оној кој ќе сака да купи претпријатие, колкав број на работници може да прифати, колкав број ќе останат без работа

Ако тоа не е разработено, по мое длабоко убедување многу луѓе заинтересирани кои ќе купат претпријатија можат веднаш да ги затворат. Истите да ги репрограмираат во други цели затоа што можеби во таквото претпријатие не гледаат стопански интерес.

Исто така би сакал да укажам, тоа е надвор од овој закон, но истиот може да ја доживее судбината како и Законот на Анте Марковиќ од причини што и тој трга скоро по исти основи. Нема никаква гаранција кој ќе го заштитува. Се додека овој Закон не биде придружен во комплекс со сите закони што ќе го штитат ТОЈ закон да опстане, ми се чини дека ќе биде чиста илузија.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници

Јас ќе бидам во интерес на времето и замореноста на сите пратеници. Вистина е така дека се доста дадени исцрпни материјали и можеби повеќе ќе се повторува, но јас би сакал да укажам на неколку работи за кои сметам дека би требало да влезат во Законот за трансформација на општествениот капитал во приватна сопственост. Мене ми се чини, а јас и порано ми се чини реков дека влегуваме од грешки во грешки и не сакаме еднаш да тргнеме по патот на досегашните направени грешки и да почнеме да исправаме некои од грешките за да не не одведат пак во истата стапица.

Мене ми се чини дека донесувањето на Законот за трансформација на општествениот капитал во приватен без да се донесе законот за денационализацијата е невозможно. Ќе наведам неколку причини од кои би бил невозможен: сметам дека не треба да не плаши тоа дека ако тоа се велеше и на комисиите дека ако донесеме таков закон, па што ќе стане со оние што барале од таму од ваму, или пак сакаме да ги иззанесуваме, или пак сакаме да прескокнеме преку тој закон. Дури не се обезбедат средства да се вратат на штедачите каде што тие нивни средства се вложени во ова

стопанство и секој ден тие демонстрираат пред своите банки за да добијат 100 марки во денари за дневна егзистенција, за леб, а ние овде зборуваме за продажба на капиталот со акции, интерни акции каде што нивниот долгогодишен пот во странство, не зборуваме прво да се обезбедат парите затоа што зборувате, а и минатиот пат беше така потенцирано дека средствата 70% или 90% се вложени во ова стопанство. Како ние сега на тој начин ќе ги обезбедиме средствата. Дали ние со сила треба да го натераме да откупи машина, амортизирана. Ние првин треба да обезбедиме средства и да им дадеме, па потоа да оди она што ќе остане. Или пак да се обезбедат средства, никој не спомна, а сите велиме да се даде попуст за трансформација, за откупување за оние што се во работен однос некаде 10 некаде 20%, некаде

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Никој не спомнува дека оваа заедница вршеше санации на тие стопански организации повеќе пати со придонеси и други буџетски средства, да се санираат неповратни средства. За нив не станува збор. Значи само бараме и пак продолжуваме по оној пат кој јал јал, а кој треба да плаќа ќе плаќа.

Сметам дека, и другите дискутанти рекоа, дали со вложувањето на интерните акции беше тоа законски исправно, и порано и сега со оставање на средства од личниот доход, а по мое мислење прво требаше тие да си ги земат своите лични доходи, да плати придонеси на општеството, па после со неговите пари да оди да откупи акции, а не јас 200 илјади денари оставам за акции а 100 илјади денари земам личен доход. Тоа значи се манипулира не само првиот пат кога се откупува туку и втор пат се избегнуваат давачките на државата. Требаше тој прво да ги подигне тие пари, ако се негови, за личен доход па после да појде и да уплати акции.

Се плашиме ние од законот за денационализација,од негово донесување. Се вели дека со него ќе се создадат проблеми во друг однос, а јас мислам дека тоа само е заварување. По мое мислење тоа се дели на 3-4 закони и тоа: аграрна реформа, национализација, експропријација, стопански земјишен фонд па и арондација. Зошто сега од овие неколку работи што можат сега пред времено да се расчистат и да дојдеме до една точна пресметка колку останува чист општествен капитал тоа не го направиме а за мене после тоа треба да се врши трансформација. Вака пак ќе се влечкаме во долгови, пак народот ќе плаќа придонеси за неправилно спроведената трансформација.

Се рече ама тие треба да побараат, тие на кои треба да им се надомести неправилната конфискација или експропријација да поднесат барање. До кого да поднесат кога тоа со ништо не им е гарантирано, бидејќи за тоа не е донесен закон. Ние тоа утре ќе го продадеме на пример на една фабрика поставена на некое со на- сила одземено земјиште, било со водостопанско земјишен фонд, би- ло со експропријацијата и сега ако треба да му го вратиме, незнам од кого тој после ќе бара ако со законот за трансформацијата ние веќе сме го продале во акции или во распродажба на тој државен капитал. Мене ми се чини дека е време да се донесе овој закон. Тоа мораме да го направиме бидејќи што повеќе чекаме толку повеќе се ограбува општествениот капитал на некој начин со овие малверзации, само според мене каде сме чекале толку да почекаме уште малку, да се преиспита уште еднаш, уште месец или два, а со тоа сум убеден дека овој закон е далеку поефикасен и поправичен во однос на првиот што го имавме, а можно е со една ваква мало временско одлагање би се дало можност уште повеќе да се исправат некои недостатоци во однос на трансформацијата на тој општествен капитал.

Процената на општествениот капитал по мое убедување би требало да се врши на сегашна вредност на средствата, а не по отписот. За мене ако се вршело по отписот на амортизацијата тогаш би требало да стојат тие пари од амортизацијата. Ние немаме ни пари а велиме по отписот. Немаме средства на фондот за амортизација а велиме ќе го процениме по отписот на ахмортизацијата. Јa сум сигурен, иако сега амортизирана фабрика или машина е многу повеќе вредна ако ние сега ја дадеме на лицитација отколку и кога била нова со овој процес на цени, поскапувања. Зошто избегавме тоа да биде на лицитација туку се дава по отпис.

Да се стопира во моментот секакво манипулирање акционерските вложувања кои не се во моментот исправни и додека се донесе конечно законот за трансформација што ќе ги предвиди условите за акционерите кои ќе имаат право да купуваат.

Имаме случаеви, можеби и во дискусијата досега беше кажано дека со самопридонеси или со физичка работа насилно и опре- делување денови да работи, така наречено кулучки работи, носење на средства направени се згради. Тоа ние сега никаде нема да го покажеме, а тоа е создадено со вложен труд по насилен начин на нашите граѓани и сега ние дозволуваме тоа да го откупи некој си кој апсолутно не знае како тој капитал, објект, или таа фабрика е направена.

По моделите има неколку варијанти, модели на трансформација на општествениот капитал. Ја сметам дека и овој модел не е лош, откако се одбијат сите тие проценти, како што се за социјално обезбедување, обесштетување, враќање на имот и кога ќе остане чист општествен капитал, тогаш според мене најчисто би било ако се да- де на лицитација, или пак со акции би требало исто така, откако ќе се установи чистиот капитал со исплатени сите трошоци што треба да се издвојат да имаат учество не само вработените, туку и оној што 40 години работел а сега е во пензија. Сега вака ќе има право оној кој работел две или 4 години да откупи, а овој 40 години создавал, а имаме случаеви и двајцата сопружници работеле во иста организација толку години и тие сега да немаат право на откуп на амортизација, а да има еден вработен со 4-5 години от- куп на општествениот капитал.

Има случаеви каде индивидуалните производители треба да учествуваат во трансформацијата на општествениот капитал во откупување на акции затоа што во сите градови ние имаме претпријатија за коопeранти

каде тие коопeранти го внесуваат целиот имот таму и учествувале во изградбата на тоа општествено претпријатие, а сега ќе треба само тие вработените внатре да имаат право на откупување на акции, а по мое мислење во тие организации над 80% капиталот е создаден со учеството на земјоделските производи од пченица, тутун, шеќерна репа, сите земјоделски производи, значи на таков начин тие 90, ако не 80% го создале тоа претпријатие. Сметам дека овде треба да им се даде приоритет и на овие земјоделци да учествуваат во трансформацијата на општествениот капитал во приватен, во оние организации каде работат со индивидуалните производители, т.н. кооперанти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Вецко Личоски кој се пријави за дискусија се откажа.

Има збор господин Петар Трајановски.

**ПЕТАР ТРАЈАНОВСКИ:**

Бидејќи во досегашните дискусии беше многу кажано за трансформација, а како што гледам и трпението ни е при крај, ќе бидам краток во мојата дискусија.

Најнапред сакам да кажам дека го поддржувам Нацртот со образложението што беше дадено од министерот Миљовски, а мојата дискусија ќе биде во вид на едно прашање, а се однесува на следното:

Со оглед на тоа што шумарството и водостопанството се добра од општ интерес, односно имаат пошироко општествено значење за целокупната општествена заедница, а во досегашното стопанисување во своите дејности, покрај основната дејност според која дејност според

законот треба да бидат трансформирани во јавни претпријатија, имаат и други дејности кои дејности немаат пошироко општествено значење, а се тесно поврзани со основната дејност. Се поставува прашањето какво мислење има Владата, односно изготвувачот на овој Нацрт-закон и каков одраз ќе има ако се знае дека со оваа трансформација на општествениот капитал сакаме да ни порасте продуктивноста односно каков одраз ќе има примената на овој закон на комплексот на шумарството и водостопанството, а кога викаме комплекс мислам на тоа дека има повеќе дејности кои се поврзани една со друга и тешко се одвојуваат.

**ГУЈШСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници,

Несомнено е дека денес носиме, односно разгледуваме еден многу важен закон кој ќе влијае во сите сфери на општественото живеење, меѓутоа пред се ќе влијае на промена на општественото уредување во Република Македонија, а тоа е преминување од социјализам во капитализам.

Се поставува прашањето дали цената на приватизација, значи кој каде ќе се затече, дали тоа значи приватизација по цена на распродажба на општествениот имот. Одговорот е сигурно не.

Сите ние што седиме овде се залагавме и се залагаме за принципот на пазарна економија. Основна логика и правило на пазарот е ако платиш ќе имаш, ако не, не. Според тоа не држат аргументите според кои државата треба да се отуѓи по секоја цена од својот капитал за кратко време се со цел да има акционери односно да има процес на приватизација и под мотото дека Македонија нема богати луѓе, ние ќе треба да го распродаваме општествениот капитал .

Прво, не е точно дека во Македонија нема богати луѓе, има и те како, меѓутоа тие луѓе ќе мора да бидат спремни парите што ги чуваат тука или некаде на страна да ги извадат на видело, да ги дадат како противвредност на државата за да можат да бидат газди, капиталисти, па дури подоцна да ги уживаат благодетите од она што значи капиталист. Меѓутоа тоа е процес кој што трае. Така да она што овде во законот се зборува дека тоа нешто ќе мора да се заврши за година или две, сигурно дека ќе се одложи.

Од друга страна се поставува едно прашање дали сите ќе стартуваат со еднакви норми и правила. Нема да стартуваат се додека не се поништи принципот на интерни акции.

Познато е дека со принципот на интерни акции, односно со Сојузниот закон за општествен капитал и Законот за личните доходи кои што, ќе напомнам дека се применуваат само на територија на Република Македонија и на ниедно друго место во бившите ЈУ републики, ние добивме така наречени акционерски друштва и таканаречени друштва со ограничена одговорност кои без да одвојат ниту динар од сопствениот џеб станаа акционери и со тоа државата не ја обесштетија односно не го збогатија државниот буџет и државната каса со ниту еден динар, а себе си веќе се гледаат како капиталисти падури си дадоа за право и да отпуштаат работници, да даваат отказни решенија, се под мотото па ова е веќе приватно. За жал, мислам дека тоа не ќе може да биде така.

Ако веќе нудиме еден модел на приватизација, според мене веројатно ќе претрпи некакви измени во модалитетите, меѓутоа сепак од пазарни услови ќе овозможи да се купат интерни акции, да се купат акции, во овој случај екстерни, тогаш тоа ќе мора да се стори и со сите оние кои што бесправно, сигурно користејќи ги законските можности пристапија кон присвојување на еден дел од општествениот имот. Притоа, не сакам да кажам дека е направена пљачка или дека е направен невиден грабеж. Тоа

законот го овозможуваше. Меѓутоа, следејќи ја Информацијата која што ни е дадена за примената на законот за општествениот капитал до крајот на 1991 година, направени се низа неправилности како во проценките на капиталот, така и во она што значеше методологија на распределбата на капиталот. Според тоа она што во законот овде се нуди, а тоа е ревизија преку Службата на СОК, мислам дека ќе создаде само безпотребна работа на органите на оваа служба за кое што некој веќе однапред се потруди да ја дискредитира во јавноста како служба која што е својствена само за социјализмот, па велам нека биде и така, меѓутоа за да не им создадеме безпотребна работа ќе мора интерните акции да ги прогласиме за ништавни, односно образложението што овде е дадено дека тоа Уставниот суд ќе го поништи односно ќе каже дека создава правна несигурност, пред се не држи заради тоа што ова Собрание претходно ќе се потруди или би требало да се потруди да донесе закон со кој ќе го прогласи посебниот државен интерес, а ако веќе постои државен интерес, не гледам тогаш чии личен интерес ќе треба да се штити, затоа што тука нема ништо лично и платено туку има само нешто што е државно

Она што во овој закон исто така се нуди и смета се пред се казнените одредби кои што се однесуваат на последниот член од законот и кои што велат дека таму каде што приватизацијата ќе се изврши неправилно, ќе има казнени одредби. Ниту една цена не може да Ја плати правата цена на оштетувањето што оваа држава ќе го претрпи доколку тоа биде сторено. Според тоа се залагам, согласно одредбата што е дадена за ;директорот на Агенцијата и за оние кои се членови на Агенцијата, а тоа е кривично дело, тоа нешто да биде по истиот принцип применувано и во претходниот член односно за сите оние кои ќе направат погрешна трансформација или ќе понудат погрешни проценки да биде понудено исто така казнена мерка кривично дело.

**ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, свесни сме дека веќе трпението е при крај и затоа со својата дискусија ќе се осврнам само на барањето на Советот на Сојузот на синдикатите што е упатено до нас како апел. Расправата што сега ја водиме околу Нацртот на законот за трансформација, самите сме свесни и повеќе дискутанти искажаа повеќе дилеми околу овој закон, па го поддржувам барањето на Советот на сојузот на синдикатите овој закон да се стави на јавна расправа што ќе при- донесе од своја страна повеќе дилеми да се расчистат и подобро сфатат во Јавноста

Лично сметам дека ставањето на овој Нацрт закон на јавна расправа ќе придонесе дилемите на голем дел од работници, дали со овој закон правата на работниците од работниот однос се доведуваат во прашање, како што и Гулистана Јумеровска кажа, и дали законот го менува нивниот работно - правен однос.

Исто така, дилемата е дали правилно ќе биде израчуната правата вредност на капиталот, а не неговата книговодствена вредност

На крај бидејќи јас сум од вонстопанството, сметам дека вреднувањето на трудот на оние што работат вон стопанството со овој Нацрт на закон е анулиран и фактички учеството на нивниот труд воопшто не е валоризиран во создавање на капиталот. Сметам дека по овој предлог на Советот на Сојузот на синдикатите треба да се произнесеме и да му дадеме поддршка, а за рокот колку ќе трае јавната расправа, ние ќе одредиме во Собранието.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Неспорно е дека проектот за трансформација на општествената своина е голем проект со големо економско значење, од економски, правен и социјален аспект. Неспорно е дека македонското општество мора да помине низ овој голем чин на приватизација за да можат да се створат услови за формирање на микроекономски и нови социјални субјекти што ќе се насочат кон профит. За да политиката не ја нарушува логиката на економијата и да не завлегува во нејзината автономија. За да се створат микроекономски субјекти, мали или средни што ќе го профитираат развојот на Република Македонија и каде што ќе се смести профитабилна работна сила. Трансформацијата на моделот на општествената своина е значајна и заради следното. Што ќе го отвори просторот за стварање на субјекти што ќе даваат интелектуални услуги, консалтинг дејности, правни и финансиски нови дејности и маркетинг услуги. не сакам да ве задржувам повеќе околу проблемите и приоритетите на приватизацијата на општествената своина, но би сакал да кажам неколку зборови за јавниот сектор

Во овој проект јавниот сектор односно неговата трансформација е изоставена и сместен во секторот државен сектор. Би сакал во ТОЈ контекст да кажам следното.

Државата е политичка организација. Државата има политички и социјални цели. Државата не може да максимира профит. Државата раководи со своја кадровска структура. Државата насочува инвестиции во своите претпријатија. Раководниот кадар и вработените не ги стимулира и истите не се заинтересирани за профит. Државата не произведува вредности. Таа е насочена кон насочување на користење на створените вредности. Во тој контекст за здравството би се произнел како следен проект.

Прво, здравството би го поделил на два сектора. Едниот е јавен сектор кој што може да остане како државен. Тоа е секторот на националната здравствена безбедност. Во овој сектор би се сместиле целокупната превентивна дејност, заштитата на детето, на жената, заштитата на граѓаните од тешките и неизлечиви болести, заштитата на социјалните групи на невработените чиј што извор би бил буџетот.

Вториот сектор за здравство е сектор што може да продуцира услуги, односно за мене услугата е синоним на производот бидејќи нејзиниот краен резултат е здравје. Истото има своја цена и содржи трошок. Според тоа секторот на здравството кој што е способен да продуцира услуги може да има пазарен третман, да се реприватизира и на тој начин да може здравството да излезе на некој начин од овој ќорсокак. Во спротивно здравството вечно ќе се дави во конфликтите меѓу изворите на средствата кои што треба да се створаат во Фондот за здравство и изворите на средства кои што се сместени во буџетот.

Фондот за здравствена заштита треба да биде третиран како самостојна правна и финансиска институција и истиот да биде финансиран од граѓаните онака како што е и во сите цивилизирани општества.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Издвоен од амбиентот во кој ќе треба да се примени законот за трансформација уште сега во Нацрт фаза делува сосем во ред и претставува навистина добро извршена работа на експертната група. Но каде почнува дилемата? Според проценката дека осум отсто од реалната вредност на капиталот може објективно да биде платена се наметнува веднаш на стартот сериозна дилема и потреба на оценување на сегашниот

миг во Македонија од потребната проценка што овој закон надвор од една декларација за која што сите се согласивме навистина може да и донесе на Република Македонија. Бидејќи слушнавме доста добри аргументи јас не би се впуштал повторно во повторување на таквите аргументации. Во овој момент само би укажал на една резерва, на тоа што малку ме зачудува, најголем дел од дискутантите денес не дадоа свој коментар на информацијата што го следи Нацртот на законот заради тоа што таму има показатели кои што барем за оние кои што важат за познавачи на таа проблематика се пратеници во Македонскиот Парламент се очекуваше да кажат нешто аналитично. Јас од своја страна би се впуштил во оценка на политичката димензија во врска со овој закон. Би сакал да укажам на две тенденции длабоко противречни кои што се во врска со процесот на донесување на законот за трансформација на општествениот капитал во приватен

Свесни сме дека со најавата и со процесот на донесувањето на ОВОЈ закон коенцидираше снажен притисок, но исто така и реализација од страна на лево ориентираните партии , да Ја концентрираат власта во свои раце , во што успеаа. Тоа е една констатација која што ќе ни послужи за да образложам една теза за она што се случува денес во Македонија.

Втора вистина е дека членови на тие партии, а сеуште се токму најголем дел од раководната структура во македонското стопанство. Противречноста уште тука се состои во следното. Скоро и да е очигледно и за пошироката јавност дека постои тенденција сите овие луѓе да сакаат да побегнат од политиката, односно дел од оние што не учествуваат во таа политика, да сакаат да бегаат и од можноста да сервисираат со своето членство во партиите што ги потенцираат. Што би бил логичен одговор на

таквите тенденции. Желбата да се легитимизира стекнатиот капитал како привилегија на времето во кое што тие и во најголем дел раководеа со стопанството во Македонија, но проблемот е што ќе се случи доколку тие не се во власта. А, секако тие немаат доверба тоа за нив некој друг да го направи и покрај можни форми на сатисфакција за луѓето кои што тој политички дел на гаранција на одредени процеси би требало да го завршат

Проблем кој што треба да си го постави секој граѓанин на Македонија во овој момент во врска со донесувањето на овој закон е корелацијата што мора да ја има предвид зошто во развиените држави кои што важат за држави каде што доминира приватната сопственост, и по пет децении не е трансформацијата доврвшена. И тука се крие одговорот на противречностите во малата анализа која што веќе ја направи. Одговорот на таквите противречности е токму еден закон кој што мора да делува веднаш и по секоја цена . Јас сум за приватизација, но во разумен рок откако ќе се одредат само критериумите кои што ќе важат, а ќе се реализира објективно спрема реалната политичка и стопанска ситуација во Македонија. Не можам да прифатам тези од типот , ако нема купец за таа почетна проценка тогаш реалната цена на пазарот се добива колку што кој ќе понуди

Па ние знаеме дека нема купци во Македонија за општествениот капитал, рековме дека проценката е некаде околу 8%. Дали ние свесно влегуваме со намера доминантно да го промениме политичкиот систем, а не економскиот? Дали на една структура која што е во привилегирана историска ситуација сакаме да овозможиме да бидат претставници на политичкиот систем во друго светло, или поедноставено дали оние што се залагаа и се колнеа во болшевизмот и во тој систем сега ќе го

претставуваат граѓанското општество на Македонија, стекнувајќи материјални можности врз една потреба на развој на една држава, но, параметрите при тоа да се осакатат и да се направат директно во интерес на личните интереси на одредена структура на граѓаните од Република Македонија. Значи јас се залагам за приватизација да, но не под тие услови кои што инсистираат таа веднаш да се направи.

Зошто ние во Уставот тврдиме дека рамноправни се сите видови на сопственост, а сакаме општествената преку ноќ веднаш да ја елиминираме. Зошто не оставиме тоа да биде слободна волја на сите претпријатија во моментот кои што се општествени сами да оценат, а не со принуда со кратки рокови и уште со контрола на СОК итн. Сметам дека не смееме да оставиме корекциите да се вршат со евентуални социјални ломови затоа што таквите корекции можат да бидат со непоправливи последици по македонската држава. Сигурно дека се очекува одговор од оние кои што се компетентни тоа да го стручно решаваат. Но, затоа со целата резерва дека можеби во нешто не сум во право мора да се земат во предвид овие укажувања. Затоа што тоа се загриженоста и она што граѓаните ги вознемирува во врска со донесувањето на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

**ФАИК АБДИ:**

Јас мојата дискусија ќе ја приложам вака напишан текст. Притоа ете малку сум испровоциран само да речеме пет шест збора да ме извинете ќе бидете стрпливи.

Она што внимателно го проучив низ материјалот на д-р проф. Јане Миљоски, мислам дека заслужува големо внимание тоа е еден голем научен труд , што кога сега би докторирал сигурно би го положил испитот на таа тема. Тоа е стварно докторска дисертација и тоа мора да се респектира и почитува. Сигурно не ќе може низ се она што е кажано во материјалот и дискусиите да се рачуна дека е тоа некоја апотекарска вага , дека до мили-метар, милиграм ќе има таква поделба на капиталот. Сигурно дека ќе има грешки, незадоволство. Меѓутоа, се додека тоа не се оствари ние не можеме кон она за кое што овде стана збор. Одиме кон капитализам. Дали имаме држава? Јас тврдам и морам да го потврдам тоа дека ние имаме држава, дали е призната, ќе биде призната. За тоа мислам дека не треба да се збори од оваа говорница, дека ние немаме држава, немаме ова, немаме она, треба да бидеме достојни на својата функција, она што треба да оди во приватни раци како дел од вкупната општествена акумулација, кумулирана еден дел од неа , тоа ќе мора да оди таму каде што може. Таму каде што неможе нема да оди. Јас мислам дека треба да му дадеме поддршка на овој материјал, понатаму со сите овие дискусии да се дотера и веројатно поголемиот дел од граѓаните на Македонија ќе бидеме задоволни. Меѓутоа, мора во свеста да ни влезе граѓани на Македонија, она што било не може да биде, не може ние , ем сакаме да останеме во фабрика, да си живееме како што си живеевме, да работиме како што си работевме, ем да ја поминеме онаа фаза на капитализам, да имаме приватна своина и да останеме да речам на една машина во една фабрика наместо 100 да бидеме 400-тини и пак да си живееме добро, не може така. Мора да свеста да имаме тоа на ум. Мора еден ден тие што имаат мали акции и кон ова прашање што разговараме, дали треба учеството на оној најмал труд во

една фабрика, во една стопанска организација да биде поголем во учеството во вкупната распределба во општествениот капитал, или најкомплицираниот директор, што овде зборува против директорите, против ова, против она, дали е тоа најкомлициран, најодговорен труд, тој има поголем дел. Па мислам дека логички треба да се знае дека тоа е тоа. Ние не можеме овие директори што ги имаме сега, амблок сите што знам преку ноќ да ја смениме социјалната структура на директорите, политичката структура на директорите, сигурно ќе ни треба генерации да поминат, а веројатно еден ден ќе дојдат на власт и тие кои што сега зборуваат против овие директори, против овој систем, дека како да нешто се замаглува, меѓутоа, економски гледано од она што го прочитав, од она што го проучив, мислам дека сме на добар пат да анализираме едно големо нешто. Не може ние да се однесуваме како да речеме господинот премиер на Русија, ајде по десет илјади рубљи земете вие, готово. Тоа е државна своина , кај нас е сосема друго. Па затоа,вероватно размислува Владата, господинот Миљоски размислил за ова и сигурно тие дискусии ќе одат само во прилог на решавање на прашањето. Да не сечеме таму кај што стоиме. Без таков приод ние не можеме и Европа нема да не признае, него нема да не земе во обѕир. Ние имаме сосем друга своина овде која треба да ја трансформираме, и ние тоа мораме. Ќе се бунат работниците, така викаат сега. Нека ми простат работниците што сум директен вака, дали некој ќе биде задоволен, незадоволен, трансформација мора да направиме. Без таа трансформација не може да настане систем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор?(Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Нацртот на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал и притоа констатира дека истиот претставува појдовен концепт за радикални промени во стопанскиот систем.

2. Собранието ја задолжува Владата во рок од 30 дена да изготви и на Собранието да му достави Предлог на закон при што да ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието, забелешките доставени до Собранието и укажувањата искажани во расправата за седницата на Собранието.

3. При подготвувањето на Предлогот на законот, предлагачот да изврши поширoки консултации со сите заинтересирани субјекти.

4. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието на Република Македонија и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за развој."

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(50)

Молам, кој е против?(никој).

Дали некој се воздржува од гласање?(21).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок

Предлагам сега да прекинеме со работа, а продолжувањето да го закажеме дополнително.

(седницата прекина со работа во 17,55 часот)